ООУ „ЊЕГОШ“- ЈУРУМЛЕРИ
Општина Гази Баба, Скопје
Телефон/факс: 25 45  970
e-mail: njegoskolonija@yahoo.com

# Годишен извештај

за работата на ООУ„Његош“- Јурумлери
за учебната 2022/2023 година

Јуни, 2023
Скопје

# СОДРЖИНА


| Содржина | Страна |
|---|---|
| Пропратно писмо | 4 |
| Предлог одлука | 5 |
| Вовед | 6 |
| Појдовни основи | 6 |
| 1. Наставни планови и програми | 7 |
| 1.1 Реализација на задолжителната настава | 8 |
| 1.2 Приспособување на наставни програми кон потреби на учениците | 9 |
| 1.3 Изборни предмети | 9 |
| 1.4 Реализација на другите видови настава | 9 |
| 1.5 Квалитет на наставните планови и програми | 10 |
| 1.5.1. Планирање и програмирање на наставата | 10 |
| 1.5.2 Планирања на наставниот кадар | 10 |
| 1.6 Воннаставни активности | 11 |
| 2 .Постигање на учениците | 12 |
| 2.1 Постигање на учениците по наставни предмети-подрачја | 12 |
| 2.1.1 Најдобри одделенија | 20 |
| 2.1.2 Најниски постигања по одделенија | 21 |
| 2.1.3 Пофалени ученици | 21 |
| 2.2 Задржување-осипување на учениците | 21 |
| 2.2.1  Опфат на учениците | 21 |
| 2.3 Ученици кои не го завршуваат одделението | 22 |
| 2.3.1  Дополнителна продолжителна настава | 22 |
| 2.3.2 Повторување | 23 |
| 2.4  Успех на учениците | 24 |
| 2.5  Преглед на изостаноци | 27 |
| 2.6 Поведение, педагошки мерки | 29 |
| 3. Учење и настава | 29 |
| 3.1 Наставни форми и методи | 29 |
| 3.2 Професионален развој на наставниот кадар | 29 |
| 3.3 Наставен процес | 30 |
| 3.4 Искуства на учениците од учењето | 30 |
| 3.4.1 Извештај на Еко-одборот | 30 |
| 3.4.2 Преглед на рењализирани МИО Активности | 39 |
| 3.4.3 Антикорупциска | 44 |
| 3.5 Задоволување на потребите на учениците | 45 |
| 3.6 Реализација на други видови настава | 45 |
| 3.6.1 Учества на натпревари | 46 |
| 3.7 Оценувањето како дел од наставата | 51 |
| 3.8 Известување за напредокот на учениците | 52 |
| 4. Подршка на учениците | 53 |
| 4.1 Советување на ученици и родители | 54 |
| 4.2 Севкупна грижа за учениците | 55 |
| 4.3 Советодавна помош на учениците | 55 |
| 4.4 Следење на напредокот | 55 |
| 5. Етос- Училишна клима | 55 |
| 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | 56 |

| | |
|---|---|
| 5.2 Промовирање на постигањата на учениците | 56 |
| 5.3 Дисциплина | 56 |
| 5.4 Естетско и функционалчно уредување на просторот во училиштето | 57 |
| 6. Ресурси | 57 |
| 6.1 Сместување и просторни капацитети | 57 |
| 6.1.1 Училишна зграда | 57 |
| 6.2 Нагледни средства и помагала | 59 |
| 6.3 Училишен двор и други површини | 62 |
| 6.4 Училишна библиотека | 63 |
| 6.5 Наставен кадар | 65 |
| 6.5.1 Директор и стручна служба | 65 |
| 6.5.2 Одделенски наставници | 66 |
| 6.5.3 Предметни наставници | 67 |
| 6.5.4 Наставници кои дополнуваат во други училишта | 68 |
| 6.5.5 Наставници кои дополнуваат од други училишта | 69 |
| 6.6 Активности во кои учествува училиштето | 69 |
| 7 Раководство и креирање на политика | 73 |
| 7.1 Цели и креирање на училишна политика | 73 |
| 7.1.1 Работа на стручни органи и тела | 73 |
| 7.1.2 Тимови, координативни тела и одбори кои работат во училиштето | 74 |
| 7.1.3 Водители на активности во училиштето | 76 |
| 7.1.4 Водители на стручни органи и тела во училиштето | 76 |
| 7.2 Извештај за работата на стручни соработници | 77 |
| 7.3 Стручни активи | 92 |
| 7.4 Одделенски совети | 98 |
| 7.5 Наставнички совет | 99 |
| 7.6 Совет на родители | 102 |
| 7.7 Управување со училиштето | 103 |
| 7.7.1 Училишен одбор | 103 |
| 7.7.2 Раководење на училиштето | 104 |
| 7.8 Следење и евалуација на воспитно- образовната работа | 111 |
| 7.8.1 Реализација на наставниот план и програма | 111 |
| 7.8.2 Самоевалуација  и програма за развој на училиштето | 112 |
| 7.8.3. Евалуација на оценувањето | 112 |
| 8. Заклучоци и предлог мерки | 113 |

# ООУ „Његош“- Јурумлери

**До**

___________________________________

___________________________________

**Предмет: Доставување на Годишен извештај за работа на ООУ ,,Његош“- Јурумлери за учебната 2022/ 2023 година**

Почитувани,

Согласно законските обврски ООУ "Његош“- Јурумлери изготви Годишен Извештај за својата работа и постигнатите резултати во учебната 2022/2023 година, кој го доставуваме во прилог на писмото.

Со надеваме дека постигнувањата на училиштето позитивно ќе ги оцените.

Со почит,

**ООУ „Његош“-Јурумлери**
**Директор**

___________________

**Анета Цветкова**

ООУ „Његош”, Јурумлери - Скопје Тел. 25 46 601, Факс 25 45 970
e-mail:negoskolonija@yahoo.com

# ООУ „Његош“ Јурумлери

Врз основа на законските обврски, кои произлегуваат од Законот за основното образование на РСМ, Училишниот одбор на ООУ "Његош“- Јурумлери на својата редовна седница на 07.07.2022 година, го разгледа Годишниот извештај за работа на училиштето, во учебната 2022/ 2023 година и донесе

**ПРЕДЛОГ**

**за прифаќање на Годишниот извештај за работа на ООУ ,,Његош“- Јурумлери во учебната 2022/ 2023 година**

Училишниот одбор на ООУ "Његош“- Јурумлери на својата редовна седница, го разгледа Годишниот извештај за работа на училиштето, во учебната 2022/ 2023 година.

При разгледувањето е констатирано дека Годишниот извештај за работа на ООУ "Његош“- Јурумлери во учебната 2022/2023 година реално ги одразува работата и постигнувањата на училиштето. Училишниот одбор го прифати извештајот и во законски предвидениот рок, донесе Одлука, потребниот број на примероци да се достави до локалната самоуправа- Општина Гази Баба и БРО на РСМ.

**ООУ,,Његош“- Јурумлери**
**Претседател на Училишен одбор**

________________________

**Марија Спасева**

ООУ „Његош”, Јурумлери – Скопје Тел. 25 46 601, Факс 25 45 970
e-mail: negoskolonija@yahoo.com

**Вовед**

Годишниот извештај за работата на ООУ „Његош“- Јурумлери е направен преку споредбената анализа на работата на училиштето со Годишната програма, Самоевалуацијата на училиштето и Развојниот план на училиштето. Годишниот извештај содржи анализа на работата на ООУ „Његош“- Јурумлери, реализираните активности, позитивните искуства, одредени потешкотии во реализацијата на планираните активности, со цел соодветно и ефективно планирање на идните активности на училиштето.

За изготвување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Његош“- Јурумлери, како појдовна основа ни служеа следните документи:

**ПОЈДОВНИ ОСНОВИ**

- Закон за основното образование во РСМ ;
- Статутот на ООУ „Његош“- Јурумлери;
- Наставни планови и програми по наставни предмети и подрачја;
- Критериуми и стандарди за оценување во основното образование;
- „Основно образование, содржина и организација на воспитно- образовна дејност”;
- Самоевалуација и Програма за развој на училиштето;
- Извештаи од работата на училиштето по квалификациони периоди во учебната 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023
- Прирачници, упатства;
- Годишна програма за работата на училиштето во учебната 2022/2023;
- Извештаи од работата на училиштето во изминатите учебни години.

Во продолжение се осврнуваме на постигнувањата по подрачја на работење во учебната 2022/ 2023 год., реализацијата на Годишната програма и задачите од развојниот план на училиштето, за тековната година, како пат кон остварување на визијата на училиштето:

***„Создаваме современа, ефикасна училишна средина, приспособена кон способностите на учениците во која се почитуваат разликите“***

✓ **Реализација на наставните планови и програми**

Согласно одредбите од Законот за основното образование, учебната 2022/2023 година, во ООУ „Његош“- Јурумлери, започна на 01.09.2022 год., а заврши на 14.06.2023 год., при што се реализирани 180 наставни денови, согласно законот за основно образование и измените донесени од МОН.

Во тек на наставната година реализирани се вкупно 180 наставни денови во паралелките со настава на македонски јазик, како и во паралелките со настава на албански јазик, со што целосно се испочитувани одредбите од Законот за основното образование.

Работни и наставни денови беа Денот на училиштето, Денот на екологијата и Денот на шегата кои се одбележаа во кругот на училиштето.




Од одржаните одделенски совети и увидите во одделенските дневници произлегува сознанието дека наставните планови и програми по наставни предмети и подрачја се реализирани, како и додатната, дополнителната настава и слободните ученички активности.

Поучувањето се реализира според наставните планови и програми, кои се одобрени од МОН и БРО на РСМ, по сите наставни предмети и подрачја.

Родителите беа запознаени со наставните планови и програми, по наставни предмети и подрачја, како и начинот на реализација на наставата, на родителските средби одржани на 12.09.2023 год. и со електронски пораки.

## 1.1 Реализација на задолжителната настава

Наставните планови и програми содржински се реализирани со планираниот обем. Поставените цели се реализирани во согласност со способностите и мотивацијата на учениците. ИКТ се применува редовно во наставата и поучувањето.

Примената на формативното оценување, различните форми и методи на следење и прилагодување на техниките на учење кон способностите на ученикот е застапена кај најголемиот број на наставници. Наставниците редовно пишуваат рефлексии по реализираните наставни часови и теми.

Во тек на учебната година нема нереализирани часови како што следи:

**Одделенска настава**

| Наставен предмет | I | II | III | IV | V | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Албански јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Англиски јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Математика** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Природни науки** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Општество** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Ликовно образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Музичко образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Физичко образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Работа со компјутери** | / | / | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Техничко образование** | / | / | / | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно :** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Предметна настава**

| Наставен предмет | VI | VII | VIII | IX | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Англиски јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Француски јазик** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Математика** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Историја** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Географија** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Граѓанска култура** | / | / | 0 | 0 | **0** |
| **Природни науки** | 0 | / | / | / | **0** |
| **Биологија** | / | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Хемија** | / | / | 0 | 0 | **0** |
| **Физика** | / | / | 0 | 0 | **0** |
| **Ликовно образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Музичко образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Физичко образование** | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Техничко образование** | 0 | / | / | / | **0** |
| **Информатика** | 0 | 0 | / | / | **0** |
| **Проекти од информатика** | / | / | / | 0 | **0** |
| **Иновации** | / | / | / | 0 | **0** |
| **Етика во религиите** | 0 | / | / | / | **0** |
| **Етика** | / | 0 | / | / | **0** |
| **Воспитание за околината** | / | / | 0 | / | **0** |
| **Унапредува на здравјето** | / | / | 0 | / | **0** |
| **Танци и ора** | / | / | / | 0 | **0** |
| **Проекти од музичка култура** | / | 0 | / | / | **0** |
| **Вкупно :** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## 1.2 Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби

Во училиштето работи Училишен инклузивен тим за работа со ученици со посебни образовни потреби, во кои се вклучени директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психологот, одделенски наставник, предметен наставник и двајца родители. Во текот на оваа учебна година за 3 ученици кои имаат наод и мислење се обезбедија образовни асистенти кои ќе работат со нив.

## 1.3 Изборни наставни предмети

Изборните предмети кои се реализираа во оваа учебна година ги избраа учениците и нивните родители преку анкета спроведена по одделенија и паралелки.

Во продолжение следи прегледот на изборни предмети по години и бројот на групи

**Изборни предмети**

| изборен предмет | одделение | број на групи | предава |
|---|---|---|---|
| **Етика во религиите** | **VI** | 2 групи | Петар Ристовски |
| **Унапредување на здравјето** | **VIII** | 1 групи | Валентина Манева |
| **Проекти од музичка уметност** | **VII** | 2 групи | Марјан Орчевски |
| **Проекти од информатика** | **IX** | 2 групи | Никола Настевски |
| **Воспитание за околината** | **VIII** | 1 група | Валентина Манева |
| **Танци и ора** | **IX** | 1 групи | Марјан Орчевски |
| **Вкупно изборни** | **6 предмети** | **9 групи** | |

## 1.4 Реализација на другите видови настава

Во ООУ „Његош“- Јурумлери се реализираат дополнителна, додатна настава и воннаставни активности- секции, со цел да се задоволат специфичните потреби на учениците. Со овие видови на настава се подобрува квалитетот на постигнувањата на учениците преку индивидуализирање на поучувањето и упатување на ученикот да користи техники на учење кои се најсоодветни за постигнување на најдобри резултати.

Извештаите за реализираните додатна, дополнителна настава, воннаставните активности- слободни активности, секој наставник ги доставува печатени и заверени на обрасците пропишани од МОН на РСМ.

## 1.5 Квалитет на наставните планови и програми

### 1.5.1 Планирање  и програмирање на наставата

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022 /2023 година беше донесена на 07.07.2022 год., а во неа се вградени приоритетите дефинирани со Развојниот план на училиштето, согласно подрачјата на работа.

### 1.5.2 Планирања на наставниот кадар

Поучувањето се реализира според наставните планови и програми, по наставни предмети и подрачја, кои се одобрени од МОН на РСМ и БРО на РСМ.

- Долгорочните- годишни планирања на наставниот кадар беа предадени до 31.08.2022 год., а нивниот квалитет беше во согласност со насоките на МОН на РСМ.
- Учебната година започна на 01.09.2022 година, но зимскиот распуст беше продолжен од 18.01.2022- 23.01.2022
- Среднорочните-тематските и дневни подготовки наставниот кадар ги изработува редовно, во согласност со измените и дополнувањата на наставните планови и програми, барањата на МОН на РСМ, а се доставуваат во електронска форма до стручната служба.
- Наставниците редовно прават рефлексии по реализираните часови и теми. Согласно, измените и дополнувањата на Правилникот за планирање на наставниот кадар.
- Реализацијата на наставните планови и програми течеше според планирањата кои беа дадени во Годишната програма за работа на училиштето, односно тематско- процесните планирања по наставни предмети и подрачја.
- Постигнатоста на целите варира, но констатираме дека учениците ги имаат усвоено основните нивоа по видови на знаења, согласно критериумите и стандардите за оценување.
- Училиштето спроведува политика на „позитивна стимулација“ во однос на етничката и мултикултурната чувствителност во наставните планови. Преку наставните содржини, активностите со кои се реализираат, како и учеството на учениците од сите етнички заедници во реализацијата се акцентира мултиетничкиот карактер на училиштето.
- Постојат поголеми можности за интегрирање на карактеристиките на локалната заедница, особено кај содржини кои предвидуваат реализација преку набљудување, учество во активности во локалната средина и сл.

## 1.6 Вонанставни активности

Во училиштето во тек на учебната 2022/2023 година беше планирано да работат повеќе секции, а како што следи во табеларниот преглед:

**Секци кои работат во училиштето**

| Секции проширување на знаењата по одделни предмети | |
|---|---|
| **Секции** | **Реализатор** |
| **Математика** | Елена Јовановска Миливојевиќ, Сузана Малинова |
| **Историја** | Весна Митровска Дошева |
| **Географија** | Стевче Здравковски |
| **Биологија** | Даниела Павлеска |
| **Екологија** | Даниела Павлеска |
| **Хемија** | Весна Рабан |
| **Прва помош** | Весна Рабан |
| **Физика** | Сузана Малинова |
| **ППЗ-екипно** | Даниела Павлеска |
| **Сообраќај** | Никола Настевски |
| **Информатика** | Никола Настевски |

| Културно - уметнички слободни активности | |
|---|---|
| **Секции** | **Реализатор** |
| **Библиотекарска секција** | Ивана Доневска Лалевска |
| **Литературно-драмска секција** | Зорица Димитриевска Пршевска |
| **Новинарска секција** | Зорица Стевковска |
| **Англиски јазик-подмладок** | Монтено Максимовски Стефани Илиевска |
| **Англиски јазик-сениори** | Сања Орчевска |
| **Француски јазик** | Данијела Величковка |
| **Ликовно образование** | Мирјана Србиновска |
| **Хор** | Марјан Орчевски |
| **Оркестар** | Марјан Орчевски |
| **Меѓуетнички разговори** | Флора Јусуфи |

| Слободни спортски активности | |
|---|---|
| **Секции** | **Реализатор** |
| **Мал фудбал** | Мартин Костоски |
| **Кошарка** | Мартин Костоски |
| **Ракомет** | Мартин Костоски |
| **Одбојка** | Мартин Костоски |
| **Пинг-понг** | Мартин Костоски |
| **Атлетика** | Мартин Костоски |

## 2. Постигнувања на учениците

### 2.1 Постигнувања на учениците по наставни предмети- подрачја

Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација на училиштето. Во продолжение презентирани се податоци за оваа учебна година со анализи и компарации со изминатите учебни години.

На крајот од учебната 2022/2023 година во одделенска настава, описно оценувани учениците од I-III одделение, односно вкупно 332 ученици, а постигнати се следните резултати:

**Опис на критериумска класификација:**

- **Кк-А:** ученикот постигнал над 90% од целите на наставната програма на ниво на запомнување, репродуцирање, сфаќање и разбирање; -може да ги применува знаењата во даден проблемски контекст со познати и нови елементи; -може да средува, комбинира елементи во нови целини и да покажува способност за вреднување на оправданост или научност на некое тврдење или дело.
- **Кк-Б**: постигањата на ученикот се однесуваат на поцелосно запомнување и репородуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини; -покажува способност за примена на знаењата во даден проблемски контекст со познати и нови елементи, како и способност за средување и комбинирање елементи во нови целини
- **Кк-В:** постигањата на ученикот, покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, се однесуваат и на одредена способност за примена на знаења во едноставен проблемски контекст.
- **Кк-Г:** постигањата на ученикот се однесуваат на запомнување и репордуцирање, ученикот покажува одредени способности знаењето да го искаже со свои зборови и да го применува знаењето во наједноставни примери.
- **Кк-Д**: постигањата на ученикот се однесуваат на делумно запомнување и репордуцирање, ученикот најчесто работи со помош

## I одделение

| Предмет | Мак. јазик | | Анг. јазик | | Алб. јазик | | Математика | | Музичко | | Општество | | Физичко | | Ликовно | | При. науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Кк- А | 19 | 17 | 23 | 22 | / | 5 | 21 | 21 | 24 | 22 | 24 | 22 | 25 | 24 | 24 | 23 | 24 | 22 |
| Кк- Б | 7 | 2 | 4 | 5 | / | 2 | 6 | 4 | 9 | 8 | 5 | 6 | 9 | 7 | 9 | 7 | 7 | 8 |
| Кк- В | 8 | 8 | 10 | 9 | 1 | / | 8 | 7 | 6 | 7 | 9 | 8 | 5 | 6 | 6 | 7 | 6 | 4 |
| Кк- Г | 4 | 4 | 3 | 2 | 1 | / | 5 | 6 | 2 | 4 | 4 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 4 | 4 |
| Кк- Д | | | 1 | / | 1 | / | 1 | / | | | | | | | | | | |



## II одделение

| Предмет | Мак. јазик | | Анг. јазик | | Алб. јазик | | Математика | | Музичко | | Општество | | Физичко | | Ликовно | | При. науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Кк- А | 10 | 13 | 11 | 14 | 1 | 1 | 12 | 14 | 11 | 14 | 11 | 14 | 18 | 18 | 14 | 21 | 11 | 14 |
| Кк- Б | 6 | 4 | 3 | 4 | | | 5 | 4 | 6 | 4 | 6 | 4 | 3 | 6 | 4 | 5 | 6 | 4 |
| Кк- В | 5 | 8 | 7 | 9 | 1 | 1 | 5 | 8 | 6 | 9 | 5 | 9 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 9 |
| Кк- Г | | 3 | 2 | 3 | | | 1 | 4 | | 3 | 1 | 3 | | 2 | 1 | | 1 | 3 |
| Кк- Д | | | | | | | | | | | | | | | | | | |



## III одделение

| Предмет | Мак. јазик | | Анг. јазик | | Алб. јазик | | Математика | | Музичко | | Општество | | Физичко | | Ликовно | | При. науки | | Раб. Со компјутери | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Кк- А | 5 | 8 | 12 | 20 | / | 2 | 7 | 11 | 11 | 16 | 7 | 14 | 21 | 22 | 15 | 21 | 6 | 12 | 10 | 15 |
| Кк- Б | 7 | 3 | 6 | 7 | 1 | 2 | 6 | 3 | 8 | 5 | 6 | 1 | 9 | 2 | 6 | / | 7 | 3 | 7 | / |
| Кк- В | 7 | 5 | 3 | 6 | / | 1 | 7 | 6 | 4 | 1 | 8 | 6 | 1 | / | 6 | 1 | 7 | 6 | 7 | 7 |
| Кк- Г | 4 | 2 | 6 | 4 | 1 | / | 5 | 1 | 7 | 2 | 7 | 1 | / | 2 | 3 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 |
| Кк- Д | 3 | 2 | 4 | / | 3 | / | 6 | 4 | 1 | 1 | 3 | 3 | / | / | 1 | 2 | 4 | 3 | 2 | 2 |



**Постигања на учениците во одделенска настава IV и V одделение**

На крајот од учебната 2022/2023 година во одделенска настава, бројчано оценувани учениците од IV и V одделение, односно вкупно 139 ученици, а постигнати се следните резултати:

| Одделение | Македонски јазик | Македонски јазик на заедниците | Англиски јазик | Албански јазик | математика | Историја и општество | Природни науки | Ликовно образование | Музичко образование | Физичко образование | ТО и инф | Изборен 1 | Изборен 2 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV а | 3,60 | | 3,60 | | 3,50 | 3,60 | 3,60 | 4,40 | 4,50 | 4,40 | 4,00 | 4,30 | 4,30 | 3,98 |
| IV б | 3,56 | | 3,56 | | 3,40 | 3,53 | 3,53 | 3,80 | 3,76 | 4,53 | 3,60 | 4,13 | 4,13 | 3,77 |
| IV алб. | | 3,77 | 4,00 | 3,88 | 2,88 | 3,44 | 3,77 | 4,22 | 4,55 | 4,77 | 4,22 | 4,55 | 4,33 | 4,03 |
| **Вкупно** | **3,58** | **3,77** | **3,72** | **3,88** | **3,26** | **3,52** | **3,63** | **4,14** | **4,27** | **4,57** | **3,94** | **4,33** | **4,25** | **3,93** |
| V а | 3,70 | | 3,70 | | 3,48 | 3,56 | 3,18 | 4,18 | 4,15 | 4,40 | 4,18 | 3,00 | 3,00 | 3,68 |
| V б | 3,70 | | 3,66 | | 3,70 | 3,66 | 3,62 | 3,95 | 3,95 | 4,29 | 4,41 | 4,16 | 4,00 | 3,91 |
| V алб. | | 3,38 | 3,23 | 3,53 | 3,53 | 3,76 | 3,61 | 4,61 | 4,30 | 4,92 | 3,92 | 3,61 | 4,07 | 3,87 |
| **Вкупно** | **3,70** | **3,38** | **3,53** | **3,53** | **3,57** | **3,66** | **3,47** | **4,25** | **4,13** | **4,54** | **4,17** | **3,59** | **3,69** | **3,82** |
| **2022/2023** | **3,64** | **3,58** | **3,62** | **3,70** | **3,42** | **3,59** | **3,55** | **4,20** | **4,20** | **4,56** | **4,06** | **3,96** | **3,97** | **3,88** |
| **2021/2022** | 3,64 | 3,94 | 3,61 | 3,66 | 3,56 | 3,46 | 3,54 | 4,13 | 4,24 | 4,42 | 4,14 | 4,07 | | 3,88 |
| **2020/2021** | **3,65** | **3,70** | **3,68** | **3,53** | **3,46** | **3,42** | **3,44** | **3,82** | **3,97** | **4,12** | **3,99** | **3,83** | | **3,75** |
| **движење** | **0** | **-0.36** | **+0.01** | **+0.04** | **-0.14** | **+0.13** | **+0.01** | **+0.07** | **-0.04** | **+0.14** | **-0.08** | **-0.11** | | **0** |

**Постигања на учениците во предметна наства**

| одд | Мак јаз | Анг. јаз. | Фра јаз | Мат | Ист | Гео | Пр. нау | Био | Гр. обр | Хем | Физ | Лик обр | Муз обр | Физ обр | ТО | Ин ф | Пр. инф | Ино | Ети | Ети рел | Пр. муз | Тан ора | Уна | Вос | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIa | **3,06** | **3,03** | **2,93** | **2,96** | **2,90** | **2,90** | **3,06** | | | | | **3,23** | **3,73** | **3,36** | **3,27** | **3,23** | | | | **3,70** | | | | | **3,18** |
| VIб | **3,37** | **3,58** | **3,29** | **3,21** | **3,21** | **3,08** | **3,25** | | | | | **3,71** | **3,96** | **4,33** | **3,87** | **3,62** | | | | **4,41** | | | | | **3,61** |
| **Вк** | **3,22** | **3,30** | **3,11** | **3,08** | **3,06** | **2,99** | **3,16** | | | | | **3,47** | **3,84** | **3,84** | **3,57** | **3,42** | | | | **4,06** | | | | | **3,40** |
| VIIa | 3,45 | 3,45 | 3,04 | 2,90 | 3,00 | 2,81 | | 3,68 | | | | 3,90 | 4,22 | 3,95 | | 3,36 | | | 3,63 | | 4,00 | | | | 3,49 |
| VIIб | 4,10 | 4,09 | 3,80 | 3,78 | 3,60 | 3,78 | | 4,00 | | | | 4,30 | 4,20 | 4,20 | | 4,10 | | | 4,30 | | 4,30 | | | | 4,04 |
| **Вк** | **3,77** | **3,77** | **3,42** | **3,34** | **3,30** | **3,29** | | **3,84** | | | | **4,10** | **4,21** | **4,07** | | **3,73** | | | **3,96** | | **4,15** | | | | **3,76** |
| VIIIa | 3,58 | 3,33 | 3,12 | 3,12 | 3,20 | 3,37 | | 3,45 | 3,75 | 3,41 | 3,45 | 4,12 | 3,87 | 4,20 | | | | | | | | | 4,04 | | 3,57 |
| VIIIб | 3,82 | 3,78 | 3,59 | 3,50 | 3,41 | 3,41 | | 3,64 | 3,95 | 3,36 | 3,50 | 4,50 | 4,09 | 4,45 | | | | | | | | | | 4,32 | 3,81 |
| **Вк** | **3,70** | **3,55** | **3,35** | **3,31** | **3,30** | **3,39** | | **3,54** | **3,85** | **3,38** | **3,47** | **4,31** | **3,98** | **4,32** | | | | | | | | | **4,04** | **4,32** | **3,69** |
| IXa | 4,00 | 3,78 | 3,69 | 3,73 | 4,00 | 3,60 | | 4,13 | 4,49 | 3,65 | 3,82 | 4,26 | 4,26 | 4,65 | | | 4,00 | 4,26 | | | | 4,50 | | | 4,04 |
| IXб | 4,23 | 4,32 | 4,36 | 3,86 | 3,86 | 3,91 | | 4,55 | 4,27 | 4,14 | 4,23 | 4,41 | 4,41 | 4,41 | | | 4,21 | 4,27 | | | | 5,00 | | | 4,25 |
| **Вк** | 4,12 | 4,05 | 4,02 | 3,80 | 3,93 | 3,76 | | 4,34 | 4,38 | 3,90 | 4,02 | 4,34 | 4,34 | 4,53 | | | 4,10 | 4,26 | | | | 4,75 | | | 4,14 |
| **22/ 23** | 3,70 | 3,66 | 3,47 | 3,38 | 3,39 | 3,35 | 3,16 | 3,90 | 4,11 | 3,64 | 3,74 | 4,05 | 4,09 | 4,19 | 3,57 | 3,57 | 4,10 | 4,26 | 3,96 | 4,06 | 4,15 | 4,75 | 4,04 | 4,32 | 3,74 |
| **21/ 22** | **3.57** | **3.61** | **3.39** | **3.29** | **3.36** | **3.40** | **3.60** | **3.50** | **3.92** | **3.24** | **3.48** | **4.19** | **4.04** | **4.26** | **4.20** | **3.78** | **4.45** | **4.37** | **3.98** | **3.70** | **3.98** | **4.06** | **4.56** | **4.17** | **3.73** |
| 20/ 21 | **3.65** | **3.62** | **3.56** | **3.47** | **3.52** | **3.58** | **3.84** | **3.74** | **3.78** | **3.46** | **3.52** | **3.90** | **4.08** | **4.01** | **3.94** | **3.54** | **3.76** | **3.71** | **4.02** | **3.54** | **4.19** | | **3.94** | **4.28** | **3.77** |
| **дви** | **+0.23** | **+0.05** | **+0.36** | **+0.09** | **+0.03** | **-0.05** | **-0.44** | **+0.40** | **+0.19** | **+0.40** | **+0.26** | **-0.14** | **+0.05** | **-0.05** | **-0.63** | **-0.21** | **-0.35** | **-0.11** | **-0.02** | **+0.36** | **+0.17** | **+0.69** | **-0.52** | **+0.15** | **+0.01 .** |

- **Генерално успехот има тенденција на зголемување на успехот кај речиси сите предмети, но најзабележителен пораст има по предметот танци и ора.**
- **Најголем пад на успехот, во однос на минатата учебна година, има по техничко образование.**
- **Успехот во предметна настава е зголемен за 0,01 во однос на минатата година**

Средниот успех на крајот од учебната 2022/2023 год., изнесува **3,89** и е за **0.06 повисок** во однос на минатата учебна година.

**Среден успех на училиштето**

| Наставен предмет | Среден успех | Наставен предмет | Среден успех |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,67 | Физика | 3,75 |
| Албански јазик | 3,70 | Ликовно образ. | 4,12 |
| Англиски јазик | 3,64 | Музичко образ. | 4,14 |
| Француски јазик | 3,47 | Физичко образ. | 4,37 |
| Математика | 3,40 | ТО | 3,81 |
| Историја и општество | 3,59 | Информатика | 3,57 |
| Природни науки | 3,35 | Етика во религии | 4,06 |
| Историја | 3,39 | Етика | 3,96 |
| Географија | 3,35 | Хемија | 3,64 |
| Граѓанско образование | 4,11 | Унапредување на здравјето | 4,04 |
| Биологија | 3,90 | Воспитание за околината | 4,32 |
| Македонски јазик за заедниците | 3,58 | Проекти од информатика | 4,10 |
| Иновации | 4,26 | Проекти од музичка уметност | 4,15 |
| Мултикултурни работилници | 3,69 | Танци и ора | 4,75 |
| Читање и анализа на проза | 3,59 | Одбојка | 4,31 |
| Градење интерперсонални односи | 4,13 | Изработки од хартија | 4,42 |
| | | Цртање, сликање, вајарство | 4,13 |
| Среден успех 2020/2021 | 3.74 | Среден успех 2021/2022 | 3.83 |
| Среден успех 2022/2023 - 3,89 | | | |
| Движење +0.06 | | | |

**Движење на средниот успех во последните учебни години**

| Година | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|
| Успех | 3.92 | 3.74 | 3.83 | 3,89 |
| Движење | -0.18 | +0.09 | +0,06 | |

**Приказ на среден успех по предмети**




**Постигнат успех по наставните предмети:**

**Највисоки постигања на учениците**

| ранг | одделенска настава | | предметна настава | |
|---|---|---|---|---|
| | наставен предмет | среден успех | наставен предмет | среден успех |
| 1 | Физичко и здравствено образование | 4,56 | Танци и ора | 4,75 |
| 2 | Изработки од хартија | 4,42 | Воспитание за околината | 4,32 |
| 3 | Одбојка | 4,31 | Иновации | 4,26 |

**Најниски постигања на учениците**

| ранг | одделенска настава | | предметна настава | |
|---|---|---|---|---|
| | наставен предмет | среден успех | наставен предмет | среден успех |
| 1 | Математика | 3,42 | Природни науки | 3,16 |
| 2 | Природни науки | 3,55 | Географија | 3,35 |
| 3 | Македонски јазик за заедниците | 3,58 | Математика | 3,38 |

Успехот се одржува во рамки на распон од +/-0,20, што се должи на:

- Планирање на очекуваните цели и исходи од поучувањето;
- Разработка на екстерните и интерните стандарди и критериуми за следење и вреднување на постигањата на учениците
- Изедначување на вреднувањата на ниво на активи и училиште;
- Примена на поголем број на методи и техники за следење и вреднување на постигањата на учениците и поконтинуирано се проверуваат;
- Стручна оспособеност на наставниот кадар да конструира и применува различни инструменти за вреднување на постигањата на учениците;
- Прилагодување на техниките на учење кон способностите на ученикот;
- Ниската мотивација за постигнување кај учениците Роми;
- Скромното образовно ниво на родителите, со што помошта при учењето во домашни услови е мала, особено по предметите кои бараат апстракции и операција со поими (математика, историја, географија и природни науки).

### 2.1.1 Најдобри одделенија

Според постигнатиот успех најдобри одделенија се:

| Ранг | Одделенска настава | | Предметна настава | |
|---|---|---|---|---|
| | одделение | Среден успех | одделение | Среден успех |
| 1 | IV алб | 4,03 | IX б | 4,25 |
| 2 | IV а | 3,98 | IX а | 4,04 |
| 3 | V б | 3,91 | VII б | 4,04 |

### 2.1.2 Најниски постигања по одделенија

Според постигнатиот успех, одделенија со најниски постигнувања се:

| Ранг | Одделенска настава | | Предметна настава | |
|---|---|---|---|---|
| | одделение | Среден успех | одделение | Среден успех |
| 1 | V а | 3,68 | IV а | 3,18 |
| 2 | IV б | 3,77 | VII а | 3,48 |
| 3 | V алб | 3,87 | VIII а | 3,57 |

### 2.1.3 Пофалени ученици

Пофален и прогласен за првенец на генерација е Ива Игнатова, ученик од 9б одделение за континуиран успех, учество во проекти, манифестации, натпревари.

При предлагањето на ученик Првенец на генерацијата почитувани се определбите од Правилникот за пофалби и награди на училиштето.

## 2.2 . Задржување/ осипување на учениците

### 2.2.1 Опфат на ученици

Во ООУ „Његош"- Јурумлери во учебната 2022/2023 година, со настава опфатени ученици по одделенија како што следи:

**Опфат на ученици**

| Одделение | Вкупно | Макед. јазик | Албан. јазик | Паралелки |
|---|---|---|---|---|
| **I** | **80** | 70 | 10 | 4 |
| **II** | **54** | 50 | 4 | 3 |
| **III** | **59** | 48 | 11 | 3 |
| **IV** | **74** | 64 | 10 | 3 |
| **V** | **65** | 51 | 14 | 3 |
| **I-V** | **332** | **283** | **49** | **16** |
| **VI** | **57** | **57** | | 2 |
| **VII** | **46** | **46** | | 2 |
| **VIII** | **50** | **50** | | 2 |
| **IX** | **45** | **45** | | 2 |
| **VI - IX** | **198** | **198** | | 8 |
| **I- IX** | **530** | **481** | **49** | **24** |

Пред дискусијата за опфатот на ученици ќе направиме согледување на осипувањето на учениците во учебната 2022/2023година.

**Осипување на ученици**

| Состојба на 01.09.2022 | Отпишани во тек на учебната година | Запишани во тек на учебната година | Состојба на 14.06.2023 |
|---|---|---|---|
| 542 | 22 | 10 | 530 |

Осипувањето на учениците е од следните причини:

| Причина за осипување на учениците | Број на ученици |
|---|---|
| Преселба | **8** |
| Премин во друго ООУ | **13** |
| По закон со навршени 16 год. | **1** |
| Вкупно | **22** |

## 2.3 Ученици кои не го завршуваат одделението

### 2.3.1 Продолжителна- дополнителна настава

На крајот од учебната 2022/2023 год. 19 ученици, кои се неоценети, се упатени на класен испит.

| Реден број | Име и презиме на ученикот | Одд. |
|---|---|---|
| 1. | Омер Арифи | 1а |
| 2. | Емел Дурчева | 1в |
| 3. | Џибрил Зуберов | 2б |
| 4. | Ајлин Рушидова | 3а |
| 5. | Зејнеп Дурчева | 3а |
| 6. | Фазли Шингули | 3алб |
| 7. | Назим Дестани | 4б |
| 8. | Илфета Дурчевска | 4б |
| 9. | Елмедина Муслиова | 4алб |
| 10. | Мемет Џафери | 5алб |
| 11. | Омер Дурчевски | 6б |
| 12. | Елмедин Хасани | 6б |
| 13. | Ферида Зуберова | 6б |
| 14. | Бењамин Шингули | 7а |
| 15. | Мартина Гаврилова | 7б |
| 16. | Џемаил Елезовски | 8а |
| 17. | Дритон Шабани | 8а |
| 18. | Џастин Зуберов | 8а |
| 19. | Ервихан Арифи | 8б |

### 2.3.2 Повторување

Во учебната 2022/2023 год. 19 ученици останувaат во истото одделение кое го посетувале, бидејќи како неоценети беа упатени на одделенски испити во јунската сесија.

| одд. | М | Ж | вк. | одд. | М | Ж | вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 1 | 1 | 2 | **VI** | 2 | 1 | 3 |
| **II** | 1 | | 1 | **VII** | 1 | 1 | 2 |
| **III** | 1 | 2 | 3 | **VIII** | 4 | | 4 |
| **IV** | 1 | 2 | 3 | **IX** | | | |
| **V** | 1 | | 1 | **VI - IX** | | | |
| **I- V** | **5** | **5** | **10** | **I- IX** | **7** | **2** | **9** |

Во одделенска настава нема ученици кои повторуваат, но 10 ученици се неоценети, поради нередовно посетување на наставниот процес и се упатени на оддленски испити во месец август. Во предметна настава од вкупно 9 ученици кои беа неоценети поради нередовно посетување на настава, на одделенски испити во месец јуни се појави и положи само Мартина Гаврилова од 7б. Останатите ученици се упатуваат на оддленски испити во месец август.

## 2. 4 Успех на учениците

Анализата на успехот на учениците кои минуваат во погорното одделение е правена во однос на успехот и полот.

**Успех на учениците**

| Успех | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | ВК. 1 | | Вк. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| Одлични | 11 | 19 | 10 | 19 | 8 | 8 | 11 | 9 | 4 | 12 | 11 | 14 | 55 | 81 | 136 | 42,10 |
| Мн. добри | 8 | 6 | 4 | 3 | 6 | 2 | 5 | 2 | 7 | 4 | 8 | 0 | 38 | 17 | 55 | 17,02 |
| Добри | 6 | 5 | 14 | 6 | 7 | 3 | 2 | 4 | 6 | 1 | 6 | 0 | 41 | 19 | 60 | 18,57 |
| Доволни | 9 | 7 | 3 | 5 | 8 | 11 | 6 | 5 | 9 | 3 | 1 | 5 | 36 | 36 | 72 | 22,29 |
| Повторува | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/2023 | 34 | 37 | 31 | 33 | 29 | 24 | 24 | 20 | 26 | 20 | 26 | 19 | 170 | 153 | 323 | 100 |
| 2021/2022 | 31 | 32 | 32 | 31 | 22 | 22 | 29 | 21 | 27 | 21 | 33 | 25 | 174 | 152 | 326 | 100 |
| 2020/2021 | 37 | 31 | 29 | 26 | 29 | 24 | 29 | 21 | 35 | 26 | 26 | 23 | 185 | 151 | 336 | 100 |
| 2019/2020 | 29 | 26 | 41 | 24 | 29 | 23 | 38 | 25 | 26 | 23 | 24 | 31 | 187 | 152 | 339 | 100 |

**Успех по категории**



Разликите во однос на постигнувањата по пол на ученикот се намалуваат. Генерално повисоки постигнувања имаат девојчињата, како што следи:

**Успех на учениците по пол**

| Успех | Машки | | Женски | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % |
| Одлични | 55 | 40,4 | 81 | 59,6 | 136 | 42,1 |
| Многу добри | 38 | 69,0 | 17 | 31,0 | 55 | 17,1 |
| Добри | 41 | 68,3 | 19 | 31,7 | 60 | 18,5 |
| Доволни | 36 | 50,0 | 36 | 50,0 | 72 | 22,3 |
| Повторува | 0 | | 0 | | | |
| Вкупно | 170 | | 153 | | 323 | 100 |

Најголем процент од учениците се одлични-42.1%, следуваат доволни со застапеност од 22.3%, потоа по ранг се добрите ученици со застапеност од 18,5%, а со многу добар успех се 17.1% од учениците кои се оценуваат бројчано.

Од вкупниот број на одлични ученици 59.6% се женски. Кај одличните постигнувања забележлив е поголем процен на застапеност на девојчињата, а во сите други категории на успех доминираат момчињата.

**Успех по пол на ученикот**




сино-машки црвено –женски

## Постигнувања на учениците по националност

| Националност | Македонци | | Албанци | | Роми | | Бошњаци | | Срби | | Друго | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Одлични ученици | 52 | 74 | 3 | 5 | | | | 2 | | | | | **55** | **81** |
| Многу добри ученици | 31 | 11 | 5 | 4 | 1 | 2 | | | 1 | | | | **38** | **17** |
| Добри ученици | 18 | 7 | 15 | 4 | 6 | 8 | | | | | 2 | | **41** | **19** |
| Доволни ученици | 1 | | 11 | 12 | 23 | 24 | 1 | | | | | | **36** | **36** |
| Број на ученици со 1 слаба | | | | | | | | | | | | | | |
| Број на ученици со 2 слаби | | | | | | | | | | | | | | |
| Број на ученици со 3 и повеќе слаби | | | | | | | | | | | | | | |




## Споредбена анализа по националност за I и II полугодие за 7мо-9то одделение

| Националност | Македонци | | Албанци | | Роми | | Бошњаци | | Срби | | Друго | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Полугодие | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II |
| Одлични ученици | 30 | 59 | 0 | | 0 | | | 2 | | | | | **30** | **61** |
| Многу добри ученици | 40 | 23 | 1 | 2 | 0 | | 2 | | | 1 | | | **43** | **26** |
| Добри ученици | 22 | 15 | 4 | 3 | 0 | 1 | | | | | | | **26** | **19** |
| Доволни ученици | 5 | 1 | 6 | 10 | 12 | 18 | | 1 | | | | | **23** | **30** |
| Број на ученици со 1 слаба | 3 | | 2 | | 5 | | 1 | | 1 | | | | **12** | |
| Број на ученици со 2 слаби | 0 | | 0 | | 2 | | | | | | | | **2** | |
| Број на ученици со 3 и повеќе слаби | 0 | | 2 | | 2 | | | | | | | | **4** | |




**2.5 Преглед на изостаноци**

Вкупниот број на изостаноци во учебната 2022/2023, изнесува 14562, што е за 6018 изостаноци понизок во однос на минатата учебна година. Традиционално неоправданите изостаноци се проблем, како резултат на средински или културолошки фактори.

| Одд. | Оправдани изостаноци | Неоправдани изостаноци | Вкупно изостаноци |
|---|---|---|---|
| **1 вк** | 1339 | 656 | **1995** |
| **2 вк** | 265 | 84 | **349** |
| **3 вк** | 2504 | 998 | **3502** |
| **4 вк** | 648 | 1435 | **2083** |
| **5 вк** | 799 | 574 | **1373** |
| **1-5** | **5555** | **3747** | **9302** |
| **6 вк** | 835 | 427 | **1262** |
| **7 вк** | 1673 | 321 | **1994** |
| **8 вк** | 790 | 433 | **1223** |
| **9 вк** | 761 | 20 | **781** |
| **6-9** | **4059** | **1201** | **5260** |
| **2022/2023** | **9614** | **4948** | **14562** |
| **2021/2022** | **13623** | **6957** | **20580** |
| **2020/2021** | **1210** | **3431** | **4641** |
| **Движење** | **-4009** | **-2009** | **-6018** |

## Изостаноци




## Споредбена анализа на изостаници по години



## 2.6 Поведение, педагошки мерки

На крајот од учебната година, 510 ученици се со примерно поведение, и еден ученик со педагошка мерка.

**Поведение на учениците**

| Поведение | Одделение | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
| Примерно | 78 | 53 | 56 | 71 | 64 | 54 | 44 | 45 | 45 | **510** |
| Примерно со опомена | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Примерно со укор | | | | | | | | | | |
| Прем. во др. одд | | | | | | | | | | |
| Добро поведение | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | **511** |

## 3. Учење и настава

### 3. 1 Наставни форми и методи

Наставниот кадар посетува семинари/обуки организирани од МОН и БРО на РСМ. Во планирањата и од увидите на реализација на часовите забележливо е: дефинирање на целите и очекуваните исходи; најголем дел од наставниците планираат активни методи, форми и техники на настава, планирање на примена на ИКТ; планирање на постапки/инструменти за следење и вреднување на постигнувањата на учениците; примена на стандардите и критериумите за оценување по наставни предмети- подрачја, теми и одделенија; рефлексија за ефектите од одржаните часови- теми. Унапредувањето на планирањата се должи на веќе посетени екстерни семинари насочени кон унапредување на квалитетот на воспитно- образовната работа, како и обуки за наставниците кои ги организираа и реализираа стручната служба.

### 3.2 Професионален развој на наставниот кадар

Стручното усовршување како дел од професионалниот развој на наставниот кадар покрај законската обврска е стратешка определба на училиштето. За целисходно стручното усовршување на наставниот кадар формиран е Училишен тим за професионален развој.

Обуките во кои партиципира училиштето се врз основа на Развојниот план на училиштето, Програмата за професионален развој на училиштето, а врз основа на самоевалуација и искажаните потреби за професионален развој во личните планови на секој наставник. Резултатите од воспитно- образовната практика индицираат дека следната учебна година се потребни обуки за наставниот кадар за:

- Унапредување на постигањата на учениците од ромските семејства.
- Изготвување на самоевалуација и развојно планирање на училишно ниво
- Работа со деца во ризик во семејството

За наставниците и нивниот професионален развој се водат:

- План и извештај за личен професионален развој
- Наставнички портфолија
- Професионални досиеа

### 3.3 Наставен процес

Во реализацијата на воспитно- образовниот процес сите ученици се подеднакво третирани без оглед на полот, етничката или верската припадност. Училиштето води грижа за ученици со посебни потреби и деца каде постојат семејни проблеми. Диференцијацијата на учениците се прави врз основа на нивните конкретни потреби. Со практикувањето на активната настава и групна работа, се овозможува подобра социјализација и емоционален развој на ученикот.

Наставниците користат ИКТ во наставата во согласност со целите и очекуваните исходи на часот. Наставниците, како дел од својата практика, развиваат инструменти за оценување. Оценувањето најчесто е јавно, при што се користат повеќе разновидни инструменти- скали на проценка, тестови со бодовна листа, есејски и проектни работи, чек-листи, самооценување, усна презентација, усна и писмена повратна информација, како методи за подобрување на постигањата на учениците.

### 3.4 Искуство на учениците од учењето

Училиштето ги стимулира учениците за постигнување на повисоки резултати, негување на етничките, јазичните и културните обележја, преку презентација на нивните трудови, на паноа во училниците и холовите на училиштето, како и фб страната на училиштето. Во тек на оваа учебна година организирани се активности во рамки на проектите „Меѓуетничка интеграција во образованието“ и „Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“. При реализацијата на проектите кај многу активности двата проекти се интегрирани, со што квалитетот на реализираните активности е подигнат на повисоко ниво.

#### 3.4.1 Извештај на Еко-одборот

Во текот на учебната 2022/2023 год. како и претходните учебни години, ООУ „Његош“ од Јурумлери, беше вклучено во проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Во првата половина на месец јуни 2022 год. беше формиран Еко-одбор, составен од: наставници, ученици, родители, технички персонал, локална самоуправа и бизнис сектор. Еко-одборот во учебната 2022/2023 год. беше составен од 32 члена  и беше направена мала промена на составот. На местото на учениците кои заминаа во средно училиште, беа избрани други ученици т.е. беа опфатени ученици од шесто до деветто одделение.
Во одборот има по еден претставник од медиумите, од бизнис секторот и од НВО, од вработените на училиштето во Еко-одборот се 11 наставници,12 ученици, 2 члена се од технички персонал, 3 члена се од Советот на родители, и еден претставник од локалната самоуправа. Учениците се избираа по предлог на наставниците на Наставнички совет, а и со самостојно пријавување од нивна страна. Иницијативите  и одлуките ги даваат и донесуваат наставниците, учениците и сите останати членови на ниво на Еко- одборот.

## Извештаи од одржани активности

На ден 22.9.2022год.(четврток),нашето училиште заедно со учениците од I до IX одделение го одбележа” Европскиот ден без автомобили”.Учениците беа креативни и изработија презентација за ден без автомобили која ја презентираа пред другите ученици,изработија ѕиден постер кој го закачивме во холот на училиштето и напишаа піеснички во врска со темата.Со учениците излеговме во околината на училиштето,и поставивме флаери на автомобилите,за одбележување на денот на “Европскиот ден без автомобили” и истото го документиравме со фотографирање.







На ден 15.10.2022(сабота),”Меѓународен ден на пешачењето,”заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме овој ден.Учениците од Еко-патролата подготвија визуелна презентација за значењето и важноста на пешачењето,при што истата ја испрезентираа пред останатите ученици од 1-9-то одделение.Исто така нашите ученици дискутираа и дебатираа на оваа тема,односно за важноста и придобивките од пешачењето.Сите ученици се вклучуваа во дисусијата и донесоа заклучок дека пешачењето е многу важно за нашиот организам и воопшто за нашето здравје.Учениците од Еко-патролата изработија и флаери за важноста на пешачењето и ги поделија на учениците во нашето училиште и на жителите од околината во близина на училиштето.Еко-катчето беше уредено со слики и пароли поврзани со овој ден и им беше прикажано на учениците и наставниците од училиштето.

**Забелешка:** Бидејќи одбележувањето на овој ден беше предвиден на 15.10.2022год а истиот е сабота,ние го одржавме на 14.10.2022(петок)год.



На ден 16.10.2022 (недела), заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме ”Светски ден на храната”. Учениците од Еко-патролата подготвија презентација за значењето на храната за нашето здравје и за да опстанеме и преживееме. Учениците дебатираа на оваа тема, дискутираа и доаѓаа до важни заклучоци.Исто така учениците изработија и флаери при што истите беа поделени помеѓу учениците од училиштето. Нашето училиште исто така организираше хуманитарна акција во која учествуваа сите ученици од 1-9-то одделение и наставниците. Хуманитарната акција се состоеше во собирање на храна за лица од социјално ранливи категории. Се собираше секаков вид на храна која беше уредно спакувана и им се додели на истите лица.

**Забелешка:** Бидејќи 16.10.2022 год. беше недела, неработен ден, акцијата се одржа на 17.10.2022год.(понеделник).






На ден 03.11.2022(четврток),нашето училиште го одбележа”Светски ден на чистиот воздух”.Учениците од Еко-патролата учествуваа со следниве активности поврзани со оваа тема.Истите ученици изработија презентација за дадената тема која подоцна ја презентираа пред учениците и наставниците од нашето училиште.После презентацијата следуваше дебата на тема: “Чист воздух” и презентација на песна со наслов Чист воздух.Во холот учениците од Еко-патролата го уредија Еко-катчето со пароли и цртежи поврзани со дадената тема.Истиот ден учениците од Еко-патролата поделија флаери на жителите во населеното место на нашето училиште.



На ден 06.03.2023год (понеделник),”**Светски ден за заштеда на енергија**”,заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме овој ден.Учениците од Еко-патролата подготвија визуелна презентација за обновливи и необновливи извори на енергија, заштеда на енергија и важноста на енергијата. Оваа презентација беше презентирана пред другите ученици од 5 до 9одд. Додека во нижите одделенија од 1 до 4одд,беше спроведена дискусија за тоа како да штедиме енергија и важноста на истата. Исто така учениците подготвија флаери за заштеда на енергијата кои ги поделија на учениците од нашето училиште,изработија пароли и слики со кои го уредија еко-катчето. Исто така учениците напишаа песничка поврзана со темата ”Енергијата вреди да се штеди”, која ја прочитаа пред учениците од 1 до 4одд. Сите ученици и наставници беа информирани за важноста на енергијата и дека неможе да се замисли светот без енергија.
**Забелешка:** Бидејќи одбележувањето на овој ден беше предвиден на 05.03.2023 год, а истиот е недела,ние го одржавме на 06.03.2023(понеделник).







На 21.03.2023 (вторник)**,"Ден на пролетта."**Заедно со учениците од нашето училиште го одбележавме Денот на екологијата и доаѓањето на пролетта. Овој ден во нашето училиште беше одбележан со најразлични активности. Учениците од 4 одд изработија постери за екологија, споделија многубројни еко пораки, додека пред учениците од 1 до 3одд им беше одржана презнтација за Екологијата како наука и грижата за животната средина. Додека учениците од 5 до 9одд, се погрижија за раззубавување и за раззеленување на нашиот училишен двор, со засадување на зимзелени дрвца и хортикултурно уредување(засадување на разни цвеќиња). Зимзелените дрвца беа обезбедени благодарение на Општина Гази Баба.Неколку наши ученици се приклучија и на активностите организирани од општина Гази Баба и Општинскиот сојуз за училишен спорт,односно засадување на дрвца и прошетка во парк шумата Гази Баба под мотото"Пешачиме за мир ,соживот и толеранција"со која се промовира другарството кое не познава граници и здравиот начин на живеење.Со овие активности ја покажавме нашата грижа за животната средина која секојдневно треба да се практикува за поквалитетен живот за сите!!!






На 22.03.2023год (среда),”**Светски ден на водите”** се одбележа и во нашето училиште. Учениците од Еко-патролата изработија визуелна презентација за значењето на водата и нејзината важност. Презентацијата ја презентираа пред другите ученици и дискутираа за тоа дека без вода нема живот. Исто така учениците од 1 до 4одд изработија пароли за важноста на водата, како да се штеди вода и слики кои ги поставија во холот на училиштето и еко-катчето.Учениците од 5 до 9одд изработија ѕиден постер за штедење на вода и нејзиното значење за живиот свет и флаери кои ги поделија на учениците и наставниците од нашето училиште. На крајот учениците од 9 одд прочитаа песничка за водата пред учениците од 1 до 3одд.






Во училиштето се реализираат следните активности:

1. **Вежба на тема: Заштита и самозаштита од елементарна непогода земјотрес и пожар**

**Цел на спроведување на вежбата:**

- Проверка на функционалноста на планот за заштита и спасување во ООУ „Његош“ - Јурумлери.
- Увежбување на вработените и учениците за правилно постапување во услови на загрозеност.
- Употреба на професионални институции и локална самоуправа за итни интервенции во објекти со приоритет во случај на несреќи и катастрофи од поголеми размери.

**Сцена прва: Симулација на земјотрес и давање сигнал за општа опасност**

- Со импровизација односно звучен сигнал се симулира послаб потрес.
- Учениците под непосредно раководство на наставниците кои се на час се засолнуваат под клупите и покрај внатрешните ѕидови на просториите.
- Во првите три минути од земјотресот наставниците практикуваат методи за разбивање на стравот и паниката, притоа не дозволувајќи неконтролирано однесување и дејствување на учениците, како што се поименична прозивка на учениците нивна потврда на присуството, броење на глас до 60 од страна на наставниците и учениците и сл.

**Сцена втора: Евакуација на учениците, наставниците и другиот персонал од училишната зграда**

- По истекот на 5 минути од сигналот се организира напуштање на училишната зграда согласно Планот за евакуација на училиштето по училници, спратови на објектот и излезни правци од кои еден на главниот влез во училиштето и два споредни излези.

- Во овој момент, на евакуационите излези, излегуваат 430 ученици, наставници и технички персонал.
- Тие согласно Планот за евакуација се собираат што подалеку од училишната зграда. Такво место е игралиштето за во училишниот двор.

**Сцена трета: Организирање на мобилизациското собиралиште од страна на наставниците, стручната служба на училиштето и тимот за одговор при катастрофи од Црвен крст**

- Учениците и наставниците се организираат по одделенија на предвидените мобилизациски собиралишта во кругот на училиштето.
- Се врши прозивка на присутните
- Се изготвува список на присутни лица
- Општинската организација на Црвениот крст на град Скопје преку својата служба организира пункт за следење на состојбата со евакуираните, повредените, исчезнатите и загинатите лица во земјотресот, давање навремени информации до надлежните органи и јавноста за состојбата со згрижените лица и сл.
- Кругот на мобилизациските собиралишта не смее да се напушта се до издавањето на соодветна наредба.

**Сцена четврта: Избувнување на пожар во горните катови на училишната зграда**

- Одговорното лице во ООУ „Његош“ - Јурумлери се јавува на одговорното лице на тимот за одговор при катастрофи на Црвен крст на град Скопје и известува за избувнување на пожар во горните катови на училишната зграда.
- Одговорното лице на тимот за одговор при катастрофи на ЦКГС ги известува ДППД Бајрам Мифтари Чаир.
- За 10-15 минути пристига тимот за одговор при катастрофи на Црвен крст на град Скопје и ДППД Бајрам Мифтари Чаир.

**Сцена петта: Упад на пожарникари во училишната зграда и извлекување на повредени лица**

- Гасење на пожар преку прозорот на горниот кат на училишната зграда и обезбедување на безбеден пристап во училиштето за извлекување на повредени лица.
- Упад во училишната зграда преку влезот кај спортската сала и извлекување на повредените.
- Повредените се евакуирани од страна на тимот за одговор при катастрофи на ЦКГС и однесени надвор од зградата на спортското игралиште каде што им е пружена прва помош.
- На повредените им е пружена прва помош од страна на тим обучени наставници за прва помош и истите се транспортирани со амбулантно возило на ЦКГС.

## 2. Театарска претстава: Тажниот магионичар

На ден 20.12.2022 година во ООУ „Његош“ - Јурумлери, од страна на театар „Отпишани“ беше одржана претставата „Тажниот магионичар“.

На претставата присуствуваа 180 ученици од прво до петто одделение.

Учениците беа поделени во две групи и тоа:

- прво и второ одделение од 09:00 до 09:30 часот
- трето, четврто и петто одделение од 10:00 до 10:30 часот

„Тажниот магионичар“ е детска театарска претстава за деца до десет годишна возраст.

Следејќи ја приказната на магионичарот Срекко, драмата „Тажниот магионичар“, носи силна порака за другарството и новогодишната магија.

Цели на театарската претстава:

- доближување на театарската уметсност до најмладата публика
- поттикнување на социјализација кај децата
- развивање на креативен потенцијал кај децата
- креирање на чувство на емпатија кај децата
- зголемување на самодоверва кај децата

Автор на претставата: Марјан Анѓеловски

Играат: Мето Јанакиевски, Јасмин Рамани, Огнен Велевски и Марјан Анѓеловски.

### 3. Новогодишен базар

На ден 28.12.2022 година во нашето училиште се организираше Новогодишен базар од хуманитарен карактер наменет за образовни цели на деца со попреченост и ретки болести каде земаа активно учество учениците од I – IX одделение.

Цели кои беа изреализирани на овој базар се:

- развивање на свеста кај учениците за поддршка на секаков вид хуманитарни акции;
- социјализациски;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување, солидарност и подобро взаемно запознавање.

Новогодишниот базар се реализираше во текот на еден ден со времетраење од 2 часа.

Секое одделение преку свои ученици-претставници го промовираа својот штанд со најразлични новогодишни изработки, честитки, украси и храна.

Паричните средства наменети за опремување на сензорна соба, беа уредно собрани и предадени на родител.

### 4. Хуманитарни акции

Во месец јануари, учениците од нашето училиште иницирани од Ученичкиот парламент реализираа хуманитарна акција. Собраната донација беше наменета за соученици од нашето училиште чиј дом настрада во пожар.

Уште еднаш нашите ученици и вработени покажаа хуманост и емпатија кон оној на кој му е потребна помош.

## 5. Обука за прва помош за учениците од 6то одд

На ден 20.12.2022 година во ООУ „Његош“ - Јурумлери беше одржана обука за прва помош за ученици од 6а и 6б одделение. Обуката беше одржана во два термини и тоа од 10:10 до 10:50 - 6а одделение и од 10:55 до 11:35 6б одделение. Обуката беше организирана и одржана од страна на Црвен Крст - Гази Баба.

Учениците беа запознаени со тоа дека првата помош подразбира благовремено превземање на внимателни постапки, мерки и активности со цел да се зачува животот на повредениот, да се заштити од понатамошно повредување, да се намали болката и стравот и да се спречат можните компликации.

На учениците им беше укажано дека навремената реакција и соодветните мерки за укажување прва помош е витално кога се спасува човечки живот.

## 6. Театарска претстава: Кој е тука кловнот

На ден 26.04.2023 година во ООУ „Његош“- Јурумлери од страна на алтернативен театар „Отпишани“ беше одржана детска театарска претстава „Кој е тука кловн“.

На претставата присуствуваа 211 ученици од I до IX одделение во две групи:

- од прво до трето одделение од 12:40 часот
- од четврто до деветто од 12:00 часот

„Кој е тука кловн“ е детска театарска претстава која има забавна и едукативна содржина и носи силна порака за борбата против врсничкото насилство.

Преку приказната на главниот јунак и проблемите со кои се соочува се детектираат многу слабости во системот кои треба да го спречат врсничкото насилство.

Дејствијата во приказната им помагаат на учениците да ги разберат главните причини поради кои се случува врсничкото насилство и даваат инспиративна порака за промената на насилството во другарство, емпатија и разбирање.

Приказната на практичен начин покажува дека секое дете е важно, дека секое дете има свои вештини, таленти и вредности кои доколку општеството им даде простор можат да креираат неверојатни работи.

Овој начин на инспирација преку приказна е силен метод кој може да донесе значителна промена во однесувањето на децата во правилна насока.

Цели на театарската претстава:

- подигање на свесноста на последиците од врсничкото насилство кај децата
- креирање на чувство на емпатија и зголемување на самодовербата кај децата
- борба против дискриминација и предрасуди кон различностите
- доближување на театарската уметност до најмладата публика
- социјализација и развивање на креативен потенција

Автор на претставата: Марјан Анѓеловски

Играат: Мето Јанакиевски, Јасмин Рамани, Огнен Велевски и Марјан Анѓеловски

### 7. Извештај од работилница / предавање за меѓуврсничко насилство

На ден 25.05.2023 година во ООУ „Његош“ - Јурумлери од страна на Црвен крст Гази Баба во соработка со Здружение на интегративна, психодинамска психотерапија, советување и коучинг О.Л.И Центар беше организирано предавање и работилница на тема меѓуврсничко насилство (булинг).

На предавањето присуствуваа 22 ученици од VI до IX одделение.

Целта на предавањето беше учениците да научат кои форми на врсничко насилство постојат, која форма е најзастапена, како да препознаат насилство, да научат начини да одговорат на истото и каде треба да се пријави било каков вид на насилство.

Предавач: Билјана Кимовска Малинова, педагог, психотерапевт.

### 8. Извештај од предавање „Трговија со луѓе“

На ден 30.05.2023 година во ООУ „Његош“ - Јурумлери од страна на Црвен крст Гази Баба беа одржани две предавања на тема „Трговија со луѓе“.

На предавањата присуствуваа вкупно 48 ученици од VIII и IX одделение.

Целта на предавањето беше учениците да се зпознаат што всушност претставува трговија со луѓе и кои се облиците на експлоатација, како да препознаат и каде да пријават трговија со луѓе.

## 7. Раководство, креирање на политика
### 7.1 Цели и креирање на училишна политика

Генерални цели на училишната политика се:

- Вклучување на сите учесници во воспитно- образовната работа во креирањето на училишни политики;
- Делегирање на задачи и одговорности на поединци, тимови, органи тела,
- Во ООУ „Његош“ работат голем број на тимови, комисии чија цел е унапредување на воспитно образовната работа.

#### 7.1.1 Работа на стручни органи и тела

Орган на управување е Училишниот одбор, а го раководи директорот.

Директорот работи на развивање на тимската работа и ги делегира одговорностите на стручните органи и тела, комисии, работни групи и тимови.

### 7.1.2. Тимови, координативни тела и одбори кои работат во училиштето

| Ред. број | Назив на тимот | Одговорен | Бр на член. |
|---|---|---|---|
| 1. | Тим за самоевалуација | Анета Цветкова, директор<br>Александра Донева, психолог<br>Ивана Петровска, педагог<br>Катерина Ванева, родител<br>Слободанка Стевановска, одделенски наставник | 5 |
| 2. | Тим за развојната програма на училиштето | Анета Цветкова, ВД Директор;<br>Александра Донева, психолог;<br>Ивана Петровска, педагог<br>Виолета Симоновска, одделенски наставник;<br>Маја Јовевска, одделенски наставник;<br>Катерина Ванева, одделенски наставник;<br>Зорица Стевковска, предметен наставник;<br>Сања Орчевска, предметен наставник;<br>Мирјана Србиновска. предметен наставник;<br>Ана Јовановска, родител;<br>Маја Кочиева, родител | 11 |
| 3. | Тим за следење, анализа и поддршка | Анета Цветкова, ВД Директор<br>Александра Донева<br>Ивана Петровска<br>Елена Јовановска Миливојевиќ<br>Катерина Стефановска | 5 |
| 4. | Тим за работа со ученици со потешкотии во учењето | Анета Цветкова, ВД Директор;<br>Елена Панова, едукатор-рехабилитатор<br>Александра Донева психолог<br>Маја Јовевска, одделенски наставник;<br>Данијела Величковска, предметен наставник<br>Габриела Савовска, родител<br>Биљана Јошова, родител | 7 |
| 5. | Тим за работа со надарени ученици | Александра Донева психолог<br>Елена Панова, специјален едукатор-рехабилитатор<br>Ивана Петровска, педагог<br>Елена Јовановска Миливојевиќ<br>Мирјана Србиновска | 7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Мартин Костоски<br>Зорица Димитриевска Пршевска | |
| 6. | Ученички парламент | Весна Митровска Дошева, Александра Донева<br>Ивана Петровска<br>Флора Јусуфи | 4 |
| 7. | Тим спасување од природни катастрофи | Весна Рабан<br>Славица Николовска<br>Бранко Бошковски | 3 |
| 8. | Тим за противпожарна заштита и одржување | Весна Рабан<br>Даниела Павлеска<br>Монтено Максимовски | 3 |
| 9. | Тим за естетско и функционално уредување | Анета Цветкова, директор<br>Маја Јовевска, одделенски наставник<br>Мартин Костоски, предметен наставник<br>Ивана Анѓелевски, одделенски наставник<br>Весна Рабан, предметен наставник | 5 |
| 10. | Еко одбор | Даниела Павлеска | 1 |
| 11. | Меѓуетничи интеграции –СИТ тим | Анета Цветкова, директор<br>Весна Митровска Дошева<br>Маја Јовевска, одделенски наставник;<br>Ивана Петровска, педагод<br>Флора Јусуфи, одделенски наставник<br>Претседател на ученички парламет<br>Ученички правобранител | 7 |
| 12. | Тим за професион. развој | Анета Цветкова, директор,<br>Ивана Петровска<br>Александра Донева<br>Катерина Ванева,<br>Даниела Павлеска<br>Зорица Димитриевска Пршовска | 6 |
| 13. | Тим за изработка на ГП за работа на ООУ | Анета Цветкова, директор<br>Ивана Петровска, педагог<br>Александра Донева, психолог<br>Данијела Величковска, предметен наставник<br>Катерина Ванева, одделенски наставник<br>Ученички правобранител | 6 |

### 7.1.3 Водители на активности во училиштето

| Ред. број | Назив на активноста | Одговорен |
|---|---|---|
| 1. | Меѓуетнички интеграции во образованието | Весна Митровска Дошева |
| 2. | Интеграција на еколошкото образование во македонскиот едукативен систем ОХО | Даниела Павлеска |

### 7.1.4 Водители на стручни органи и тела во училиштето

| Ред. број | Орган-тело | Одговорен |
|---|---|---|
| 1. | Стручен актив на одделенска настава | Катерина Ванева |
| 2. | Стручен актив за културно-хуманитарно и јазично подрачје | Зорица Димитриевска Пршевска |
| 3. | Стручен актив за природно математичко и техничко подрачје | Даниела Павлеска |
| 4. | Наставнички совет | Ивана Доневска Лалевска, записничар |
| 5. | Совет на родители | Марија Спасевска |
| 6. | Училишен одбор | Марија Спасевска, претседател |

**7.2 Годишен извештај за работата на стручните соработници**

**Годишен извештај за работата на стручниот соработник- педагог**

| Содржина на работата | Време |
|---|---|
| ***1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа*** | ***VIII-VII*** |
| ***1.1 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето*** | ***VIII*** |
| • Планирање на приоритети за учебната година<br>• Планирање на сите сегменти од воспитно- образовната работа<br>• Усогласување на Годишната програма со закон и нормативи, наставните планови и програми, Самоевалуацијата на училиштето и Планот за развој на ООУ<br>• Учество во планирање на Еко и МИО активностите | |
| ***1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето*** | ***VIII-VII*** |
| • Давање насоки-упатства на носителите на активности за изработка на програмите<br>• Насочување на носителите на активности за изработка на програмите кон приоритетите за учебната година<br>• Усогласување на сегментите на Годишната програма со закон и нормативи, наставните планови и програми, Самоевалуацијата на училиштето и Планот за развој на ООУ<br>• Помош во изработка на Годишни, тематско- процесни и дневни подготовки на наставниците- форми, методи на работа, планирање на оценувањето, примена на ИКТ<br>• Формира групи и распределба на изборни предмети<br>• Обука, помош и учество при изработка рефлексија на час и тема<br>• Следи реализација на активностите<br>• Дава помош за надминување на потешкотии<br>• Увид во планирање на диференцирани стандарди и активности | |
| ***1.3 Унапредување на оценувањето*** | ***VIII-VII*** |
| • Планирање на  приоритети и инструменти за вреднување<br>• Следење на реализација на планираното<br>• Увиди во инструменти за оценување на наставниците<br>• Увиди во професионално досие<br>• Анализа на квалитетот на наставничките портфолија | |
| ***1.4 Професионален развој на наставниците*** | ***VIII-VII*** |
| • Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците<br>• Внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие на наставникот<br>• Планирање на приоритени обуки | |
| ***1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето*** | ***IX-X*** |
| • Учествува во изготвување на анкетни прашалници и упатства за самоевалуација на ООУ<br>• Директно учествува во Самоевалуација и Планот за развој на ООУ по подрачја и индикатори за ООУ | |

| **2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците** | **IX-VI** |
| --- | --- |
| ***2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата- избор на стратегии на поучување, форми и методи*** | ***IX-VI*** |
| • Помага на наставниците во унапредување на планирањата<br>• Помага во иновирање на наставата-активна настава, индивидуализирана настава<br>• Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација<br>• Помага во осмислување на активности за равој на мислењето<br>• Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации<br>• Дава помош на наставниците во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности<br>• Дава помош за оформување на рефлексија на час/тема<br>• Анкети и нивна обработка<br>• Помош во планирањата и реализацијата<br>• Следење и увиди на реализацијата<br>• Работи со наставници-приправници<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води професионално досие за наставникот | **IX-VI** |
| ***2.2 Унапредување на наставата по математика и природните науки*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Следи реализација на настава<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците | |
| ***2.3 Примена на ИКТ во наставата*** | |
| • Следи квалитет на планирања и реализација на настава | |
| ***2.4 Унапредување на оценувањето*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците<br>• Следи квалитет на оценувањето<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води педагошки картон и Професионално досие за наставникот | |
| ***2.5 Соработува со одделенските раководители*** | |
| • Помош во изработката на планирања за часот на одделенскиот раководител- образование за животни вештини<br>• Помага во решавање на проблеми на паралелката | |
| ***2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето*** | |
| • Изработува инструменти за реализација на Самоевалуација<br>• Спроведува самоевалуација по подрачја<br>• Формулирање на нацрт заклучоци и Самоевалуација<br>• Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето<br>• Следење на активности<br>• Прибирање и документирање на изработки<br>• Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“ | |

| | |
|---|---|
| • Координира соработка помеѓу ученик- наставник- родител<br>• Води активности за демократска партиципација на Ученичкиот Парламент<br>• Прибира документи и води евиденција за реализирани активности | |
| ***2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница*** | |
| • Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент<br>• Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците | |
| ***3. Работа со ученици*** | ***IX-VI*** |
| • Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение<br>• Формира паралелки во прво одделение<br>• Советување на ученици | **V, VI, VIII** |
| Прием и распоредување на:<br>• Новозапишани ученици<br>• Повторувачи и неоценети ученици<br>• Групи за изборни предмети- анкета на У-Р, обработка, формирање групи<br>• Помош во организација на изведување на класни испити | **IX- V** |
| ***3.1 Следење на развојот на учениците*** | |
| • Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците<br>а. На првачињата и ново примени ученици<br>б. По премин во втор циклус на образование | |
| ***3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми*** | |
| • Индивидуална советодавно- консултативна работа со учениците<br>• Кои имаат неоправдани изостаноци<br>• Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување<br>• Кои имаат здравствени или развојни потешкотии | |
| ***3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници*** | |
| ***3.4 Професионална ориентација*** | |
| • Планирање на активности<br>• Разгледување на Конкурси за упис во средни училишта | **XI,<br>IV, V** |
| ***3.5 Работа со ученици со развојни потреби*** | |
| • Ученици со потешкотии во учењето;<br>• Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето<br>• Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето<br>• Учествува во Училишен инклузивен тим<br>• Изработка на програма за работа со надарени ученици<br>• Евидентирање на надарени ученици<br>• Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици | **X-V** |
| ***3.6 Развојно следење на напредокот на учениците*** | |
| • Изготвување на инструменти за следење и вреднување<br>• Креирање, примена и интерпретација на аспекти на воспитно - образовната работа<br>• Го следи напредокот на учениците со кои е вршена советодавно- | |

| | |
|---|---|
| консултативна работа<br>• Следи ре-вакцинации на учениците<br>• Следи запишување на учениците во прво одделение<br>• Следи и насочува ученици според интересите за изборни предмети | |
| ***4. Работа со родители*** | ***IX-VI*** |
| • Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето<br>• Педагошко-психолошка поддршка на родителите<br>• Советување на родители<br>• Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции<br>• Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето<br>• Вклучување на родителите во тековните проекти | |
| ***5. Аналитичко-истражувачка работа*** | ***IX-VI*** |
| • Самоевалуација –СеУ<br>• Анализа на запишувањето во прво одделение<br>• Анализа на квалитетот на оценувањето<br>• Анализа на изостаноци<br>• Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди<br>• Презентација на истражувања пред стручни органи и тела<br>• Изработена Развојна програма на училиштето | |
| ***6. Работа на стручни органи и тела во училиштето*** | ***IX-VI*** |
| • Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи<br>• Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања<br>• Работа и координација на училишни тимови<br>- тим за самоевалуација<br>- тим за развојно планирање<br>- тим за унапредување на оценувањето<br>- тим за професионален развој<br>- СИТ тим<br>• Учество во работата на одделенските совети<br>• Учество во работата на Наставничкиот совет<br>• Помош и учество во работата на стручните активи<br>• Помош и учество во работата на на Советот на родители<br>• Конципирање и изработка на правилници за прашања од воспитно-образовната работа | |
| ***7.Соработка со стручни институции*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации<br>• Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта<br>• Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта<br>• Работи на сопствено стручно усовршување<br>• Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози | |
| ***8. Обработка на материјали и прегледи*** | ***IX-VI*** |
| • Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год.<br>• Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др<br>• Пополнување податоци за реализирани часови<br>• Пополнување статистички материјали за институции | |
| ***9. Водење на педагошка евиденција и документација*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Водење на евиденција и документација за сопствената работа:<br>а. дневник за работа,<br>б.досиеја за работа со ученици,<br>в. документација на истражувачката работа,<br>г. прегледи, извештаи<br>д. анкети | |
| ***10. Сопствено стручно усовршување*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ<br>• Следење стручна литература и периодика<br>• Учество на Секцијата на педагози „Гласот на педагогот“<br>• Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа<br>• Центар за социјални работи<br>• Завод за ментално здравје на деца и младинци<br>• МВР-малолетничка деликвенција<br>• Здравствен дом | |
| ***11. Изработка на стручни материјали и/или презентации*** | ***IX-VI*** |
| ***12. Подготовки за работа*** | ***IX-VI*** |
| • Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници. | |

Изработил: Ивана Петровска- педагог

**Годишен извештај за работата на стручниот соработник- психолог**

| Извештај за работата на стручен соработник - психолог | |
|---|---|
| **Содржина на работата** | **Време** |
| ***1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа*** | ***VIII-VII*** |
| ***1.2 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето*** | ***VIII*** |
| • Планирање на приоритети за учебната година<br>• Планирање на сите сегменти од ВОР<br>• Усогласување на Годишната програма со закон и нормативи, НПП, СеУ и ПлРУ на ООУ. | |
| ***1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето*** | ***VIII-VII*** |
| • Помош при усогласување на сегментите на Годишната програма со закон и нормативи, НПП, СеУ и ПлРУ на ООУ<br>• Помош во изработка на Годишни, тематско-процесни и дневни подготовки на наставниците-форми, методи на работа, планирање на оценувањето, примена на ИКТ, планирање на диференцирани стандарди и активности<br>• Формира групи и распределба на изборни предмети<br>• Увид во изработка рефлексија на час и тема<br>• Следи реализација на активностите<br>• Дава помош за надминување на потешкотии | |
| ***1.3 Унапредување на оценувањето*** | ***VIII-VII*** |
| • Планирање на приоритети и инструменти за вреднување<br>• Следење на реализација на планираното<br>• Увиди во инструменти за оценување на наставниците<br>• Увиди во педагошки картони и наставнички портфолија<br>• Анализа на квалитетот на наставничките портфолија | |
| ***1.4 Професионален развој на наставниците*** | ***VIII-VII*** |

| | |
|---|---|
| • Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците<br>• Внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие на наставникот<br>• Планирање на приоритени обуки | |
| ***1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето*** | ***IX-X*** |
| • Учествува во изготвување на анкетни прашалници и упатства за самоевалуација на ООУ<br>• Директно учествува во СеУ и ПлРУ по подрачја и индикатори за ООУ | |
| ***2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците*** | ***IX-VI*** |
| ***2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата-избор на стратегии на поучување, форми и методи*** | ***IX-VI*** |
| • Помага на наставниците во унапредување на планирањата<br>• Помага во иновирање на наставата-активна настава, индивидуализирана настава<br>• Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација<br>• Помага во осмислување на активности за равој на мислењето<br>• Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации<br>• Дава помош на наставниците во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности<br>• Дава помош за оформување на рефлексија на час/тема<br>• Анкети и нивна обработка<br>• Помош во планирањата и реализацијата<br>• Следење и увиди на реализацијата<br>• Работи со наставници-приправници<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води педагошки картон за наставникот<br>• Води професионално досие за наставникот | **IX-VI** |
| ***2.2 Унапредување на наставата по математика и природните науки*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Следи реализација на настава<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците | |
| ***2.3 Примена на ИКТ во наставата*** | |
| • Следи квалитет на планирања и реализација на настава | |
| ***2.4 Унапредување на оценувањето*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците<br>• Следи квалитет на оценувањето<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води педагошки картон и Професионално досие за наставникот | |
| ***2.5 Соработува со одделенските раководители*** | |

| | |
|---|---|
| • Помош во изработката на планирања за часот на оддел. раководител-образование за животни вештини<br>• Помага во решавање на проблеми на паралелката | |
| ***2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето*** | |
| • Изработува инструменти за реализација на СеУ<br>• Спроведува самоевалуација по подрачја<br>• Формулирање на нацрт заклучоци и СеУ<br>• Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето<br>• Следење на активности<br>• Прибирање и документирање на изработки<br>• Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“<br>• Координира соработка помеѓу У-Н-Р<br>• Води активности за демократска партиципација на Ученичкиот Парламент<br>• Прибира документи и води евиденција за реализирани активности | |
| ***2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница*** | |
| • Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент<br>• Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците | |
| ***3. Работа со ученици*** | ***IX-VI*** |
| • Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение<br>• Формира паралелки во прво одделение<br>• Советување на ученици<br>• Организирање на работилници со ученици | **V, VI, VIII** |
| Прием и распоредување на:<br>• Новозапишани ученици<br>• Повторувачи и неоценети ученици<br>• Групи за изборни предмети-анкета на У-Р, обработка, формирање групи<br>• Помош во организација на изведување на класни испити | **IX- V** |
| ***3.1 Следење на развојот на учениците*** | |
| • Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците<br>а. На првачињата и ново примени ученици<br>б. По премин во втор циклус на образование | |
| ***3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми*** | |
| • Индивидуална СКР со У<br>• Кои имаат неоправдани изостаноци<br>• Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување<br>• Кои имаат здравствени или развојни потешкотии | |
| ***3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници*** | |

| | |
|---|---|
| • Организирање на состаноци на ученички парламент<br>• Одбележување на важни денови со учениците од ученички парламент<br>• Организирање на работилници со ученици<br>• Разгледување на извештаи и програми | **IX- VI** |
| ***3.4 Професионална ориентација*** | |
| • Планирање на активности<br>• Разгледување на Конкурси за упис во средни училишта | **XI,<br>IV, V** |
| ***3.5 Работа со ученици со развојни потреби*** | |
| • Ученици со потешкотии во учењето;<br>• Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето<br>• Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето<br>• Изработка на програма за работа со надарени ученици<br>• Евидентирање на надарени ученици<br>• Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици<br>• Учествува во училишен инклузивен тим | **X-V** |
| ***3.6 Развојно следење на напредокот на учениците*** | |
| • Изготвување на инструменти за следење и вреднување<br>• Креирање, примена и интерпретација на за аспекти на воспитно-образовната работа<br>• Го следи напредокот на учениците со кои е вршена СКР<br>• Следи ре-вакцинации на учениците<br>• Следи запишување на учениците во прво одделение<br>• Следи и насочува ученици според интерсите за изборни предмети | |
| ***4. Работа со родители*** | ***IX-VI*** |
| • Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето<br>• Педагошко-психолошка поддршка на родителите<br>• Советување на родители<br>• Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции<br>• Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето<br>• Вклучување на родителите во тековните проекти | |
| ***5. Аналитичко-истражувачка работа*** | ***IX-VI*** |
| • Самоевалуација –СеУ<br>• Анализа на запишувањето во прво одделение<br>• Анализа на изостаноци<br>• Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди | |
| ***6. Работа на стручни органи и тела во училиштето*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи<br>• Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања<br>• Работа и координација на училишни тимови<br>- тим за самоевалуација<br>- тим за унапредување на оценувањето<br>- тим за професионален развој<br>• Учество во работата на одделенските совети<br>• Учество во работата на Наставничкиот совет<br>• Помош и учество во работата на стручните активи | |
| ***7.Соработка со стручни институции*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации<br>• Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта<br>• Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта<br>• Работи на сопствено стручно усовршување<br>• Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози | |
| ***8. Обработка на материјали и прегледи*** | ***IX-VI*** |
| • Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год.<br>• Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др<br>• Пополнување податоци за реализирани часови<br>• Пополнување статистички материјали за институции | |
| ***9. Водење на педагошка евиденција и документација*** | ***IX-VI*** |
| • Водење на евиденција и документација за сопствената работа:<br>а. дневник за работа,<br>б.досиеја за работа со ученици,<br>в. документација на истражувачката работа,<br>г. прегледи, извештаи<br>д. анкети | |
| ***10. Сопствено стручно усовршување*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ<br>• Следење стручна литература и периодика<br>• Учество на Секција на психолози<br>• Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа<br>• Центар за социјални работи<br>• Завод за ментално здравје на деца и младинци<br>• МВР-малолетничка деликвенција<br>• Здравствен дом | |
| ***11. Подготовки за работа*** | ***IX-VI*** |
| • Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници. | |

Изработил: Александра Донева- психолог

**Годишен извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2022/2023 год.**

Согласно Годишната програма за работата на училиштето и програмата за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните:

1. **Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа**

- Учество во изготвување на Годишната програма за работата на училиштето во учебната 2022-23 година.
- Изготвување на сопствена годишна програма.
- Изготвување на месечни оперативни програми за работа со конкретизирани активности.
- Учество во изработка на индивидуално образовен план за учениците со посебни образовни потреби.
- Консултации и поддршка на наставниците при планирањето на наставните содржини за учениците со посебни образовни потреби (ПОП).

2. **Следење и унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со ПОП**

- Утврдување на видот и степенот на дополнителна поддршка за учениците со ПОП.
- Утврдување на степенот на интегрираност на учениците со ПОП.
- Утврдување на дидактичката подготвеност на наставникот за работа со ученици со ПОП.
- Стручна помош на наставниците при изготвувањето на индивидуалните образовни планови за учениците со ПОП и конкретизирање на наставните содржини.
- Посета на часови во паралелките каде има ученици со ПОП.

3. **Советодавно-консултативна работа со учениците со посебни образовни потреби, наставниците и родителите**

- Индивидуална работа со учениците со ПОП-класичен дефектолошки третман.
- Изготвување на насоки за реализирање на одредени наставни содржини од соодветни наставни предмети.
- Директна помош и поддршка на учениците со ПОП во текот на наставниот час.
- Советодавно-консултативна работа со наставници (континуирана поддршка и следење при примена на изготвените насоки, користењето на диференцирани цели и следење на постигнатиот успех на учениците со ПОП).
- Советодавно-консултативна работа со образовни асистенти.
- Советодавно-консултативна работа со родители (давање стручни совети и насоки за работа во домашни услови).

4. **Соработка со стручни органи, локална заедница и стручно усовршување**

Соработка со Министерство за образование и наука:

- Споделување на податоци за асистентите ангажирани во училиштето за ученици со ПОП, како и податоци за членовите на инклузивниот тим на училиштето.
- Споделување на статистички податоци за почетокот на учебната 2022/23 година.
- Учество на обука на тема: „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма".
- Споделување на информации за учениците со ПОП за учебната 2019/20, 2020/21, 2021/22, 2022/23 година за потребите на МОН.

Соработка со Државен завод за статистика:
- Споделување на информации статистички податоци за крајот на учебната 2021/22 година.
- Споделување на статистички податоци за почетокот на учебната 2022/23 година.

Биро за развој на образование:
- Следење на едуино вебинар на тема: „Развивање на програми за реализација на слободни изборни предмети"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Развивање на креативни вештини преку визуелни приказни"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Рана интервенција-Достапни опции и услуги (ICF)"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Стимулација на говор во раната возраст + Cboard"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Предизвикувачко однесување-справување и добри практики"
- Следење на едуино вебинар на тема: „Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој"

ДПИ:
- Редовни увиди во делот за инклузија.

ОУРЦ „Иднина" - Скопје:
- Континуирана соработка во однос на образовната асистенција за учениците со ПОП.

Здружение на граѓани Еко Логик, Шведска амбасада и УНИЦЕФ:
- Учество на национална конферецијa за искуствено образование од областа на животната средина и климатските промени.

Секција на специјални едукатори и рехабилитатори на ниво на Општина Гази Баба:
- Редовни состаноци со цел унапредување и координирање на работата на специјалните едукатори и рехабилитатори на општинско ниво.

Академија Цес:
- Реализирање на обуки за потребите на БРО на тема: „Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби -попреченост„

ООУ „Вера Јоциќ“ и ООУ „Његош“:

- Одржување на интерна обука на наставниот кадар од одделенска и предметна настава, како и стручната служба на тема: „Диференцијација и индивидуализација во наставата“.
- Одржување на интерна обука на наставниот кадар од одделенска и предметна настава, како и стручната служба на тема: „АДХД“.
- Одржување на работилница за креирање на дневни подготовки и сценарија за наставниците преку стручните активи.

**5. Педагошка евиденција и документација**

- Редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа).
- Водење на портфолио за учениците со ПОП.
- Евиденција од  инструктивна и советодавна работата со наставници, родители и ученици, соработка со локална средина.
- Изготвување на извештаи од состаноци, одржани обуки, полугодишен и годишен извештај за сопствената работа.

Специјален едукатор и рехабилитатор
м-р Елена Панова

**Годишен извештај од работата на училишниот инклузивен тим во учебната 2022/2023 год.**

Согласно Годишната програма за работата на училишниот инклузивен тим за ученици со посебни образовни потреби во учебната 2022/23 година се реализираа предвидените активности:

- Изготвување на годишна програма за работата на училишниот инклузивен тим .
- Анализа на Законот за основно образование во делот за инклузија на учениците со ПОП.
- Споделување на информации за добиените образовни асистенти за ученииците со ПОП, нивните ингеренции за работа и делување со учениците.
- Детектирање, опсервации и следење на успехот на ученици со ПОП.
- Формирање на база на податоци за учениците со ПОП.
- Проследување на формираните инклузивни тимови за ученик.
- Формирање на тимови за индивидуална поддршка за учениците со потешкотии во учењето и емоционалните потешкотии.
- Разгледување на процедурата за изготвување на ИОП.
- Советодавно-консултативни работа со наставници, помош и поддршка за избор на стратегии за работа и соодветни адаптации.
- Советодавно-консултативна работа со родители, одредување на приоритетни подрачја на поддршка.
- Планирање и следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставата.
- Анализа на постигнувањата на учениците со ПОП за секој квартал.
- Насоки за подобрување на инклузивната клима во училиштето.
- Одбележување на 3 ти Декември Меѓународен ден на лицата со попреченост, преку организирање на заеднички полигон за учениците со типичен и атипичен развој.
- Согледување на потребите и набавка на асистивна технологија, како и наставни средства и помагала за учениците со посебни образвни потреби.
- Проследување на обука од страна на БРО и ОУРЦ „Иднина“-Скопје, на тема: „Изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма“
- Јакнење на професионалните компетенции на наставниците преку реализирање на интерни обуки од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор на теми: „Диференцијација и индивидуализација во наставата“ и „АДХД“ за наставниците од одделенска и предметна настава како и стручната служба.
- Јакнење на професионалните компетенции на наставниците преку реализирање на интерни работилници од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор за креирање на сценарија и дневни подготовки со имплементирање на ИОП и диференцијација за учениците со ПОП за стручните активи на одделенска настава, општествено-јазична група предмети, природно- математичка група и стручен актив на вештини.
- Одбележување на 2 ри Април Меѓународен ден на лицата со аутизам, преку организирање на заеднички активности за учениците, ликовна изложба, следење на презентација преку ученичкиот парламент.

Координатор на УИТ „Његош“
м-р Елена Панова,
Специјален едукатор и рехабилитат

## Годишен извештај за работа на библиотеката во учебната 2022/2023 година

Во текот на првото полугодие во учебната 2022/2023 година, обврските во библиотеката ги извршував согласно планот за работа изготвен за тековната година. За успешно реализирање на наставата прво беа поделени учебниците на класните раководители кои ги задолжија учениците да ги користат и чуваат во текот на учебната година.

Организирање на библиотекарска секција со ученици од различни одделенија. Изработка на паноа за библиотекарското пано преку организирана работилница во која учениците ги изразуваат своите вештини во пишување, творење. Во библиотекарската секција членуваат ученици кои пројавуваат интерес и афинитет кон убавиот пишан збор. Работата на оваа секција е во нераскинлива врска со работата на библиотеката која работи во нашето училиште. Со библиотекарската секција, само се дополнуваат и реализираат планираните активности. Најпрво ги реализиравме активностите околу истражувањето за тоа што значи книгата, подготовка за месецот на книгата. Учениците изработуваа обележувачи за книги како и хамер посветен на месецот на книгата. Во овој период беше организирана акција за збогатување на училишната библиотека која гласеше „Подари книга, збогати ја училишната библиотека". Како дел од активностите со учениците, на секците се организираа работилници на кои се работеше на уредување на библиотекарското пано, со соодветни мотиви за определен период. За одбележување на „Есента", одбележување на денот на училиштето. Учениците во секцијата активно учествуваа со пишување на лични творби и пораки посветени за „Нова година", за денот посветен на мајката на тема „Мајка". Како и одбележување на „Меѓународн ден на поезијата (21 Март)" односно се одржа поетско читање на избрана поезија од македонски автори. За одбележување на „Пролета" изработено пано со истоимената тема. За денот на шегата учениците истражуваа шеги кои меѓусебно ги споделија. Во месец мај, на 5ти мај го одбележавме Денот на македонскиот јазик, односно денот кога во 1945 година е озаконета македонската азбука, а на 24ти мај денот посветен ма сесловенските просветители, го одбележавме со претходни изработки за браќата Св. Кирил и Методиј.

Библиотеката, односно ООУ „Његош" во текот на првото полугодие склучи договор со Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО – Скопје, Редакција „Детска радост" за дистрибуција на списанија до училиштето во текот на целата година. Примање на списанијата и распределување по одделенија (Росица, Другарче и Развигор).

Одржани средби со родителите во кој се разговарало за начинот на чување и навремено враќање на лектирите кои ги подигнуваат од библиотеката, како и поттикнување на заинтерисираноста кај своите деца за пишаниот збор- книгата. Соработка со наставниците за успешно реализирање на предметот по македонски јазик, односно поделба на лектири. Разговор за навремено враќање на лектирите. Споделување на информации за акцијата за збогатување на библиотеката со книги/лектири.

Континуирано извршување на редовните обврски околу библиотеката, средување и подредување на библиотечниот фонд, водење евиденција на дадените и вратените книги од библиотеката. Направена анализа за успешноста при релизирање на библиотекарската секција.

Оваа учебна година библиотеката на ООУ „Његош" се збогати со нови лектири, дел беа подарок за библиотеката од страна на учениците на основното училиште по спроведената акција „Подари книга, збогати ја училишната библиотека" организирана по повод одбележување на месецот на книгата, а останатиот дел од книгите/лектирите беа набавени од страна на

училиштето со цел да се обноват дел од изданијата и да се збогати библиотечниот фонд.

За збогатување на библиотечниот фонд на крајот од оваа учебна година допринесоа и од издавачката куќа „Арс Ламина“ кои во библиотекатаа донираа голем број на лектирни изданија кои се обработуваат според училишната програма.

Изработил: Ивана Доневска Лалевска

**Работа на стручни органи и тела**

| Орган | Стручен актив | Одделенски совет | Наставн. совет | Совет на родител | Училишен одбор |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на состаноци** | 3 x 5 = 15 | **5** | **20** | **4** | **17** |

### 7.3 Стручни активи

**Стручни активи-** Во училиштето работат:

- Актив за одделенска настава (одговорен Катерина Ванева);
- Актив за хуманитарно- јазична група на предмети (одговорен Зорица Димитриевска Пршевска)
- Актив за природно-математички и техничка група на предмети (одговорен Даниела Павлеска)

**Извештаи за работа на стручните активи**
**Извештај за работа на стручен актив за одделенска настава**
**I -V одд Одговорен: Катерина Ванева**

Работата на одделенскиот актив за учебната 2022/2023 година се реализираше со остварување на предвидените цели од Годишната програма за работа на истиот. Редовно се одржуваа состаноци за кои постојат извештаи од одговорните наставници. Како дел од Годишната програма за работа секако се и меѓусебните контакти на наставниците во делот на планирањата, следењето и оценувањето на учениците за што постои континуирана соработка помеѓу наставниците.

| | |
|---|---|
| **Цели** | **Да се развие слухот и говорот кај учениците и да ја разберат содржината на текстот** |
| **Содржини** | Обработка на литературен текст ( расказ , бајка , басна ) |
| **Реализатор** | **Тања Стојкоска Јовеска** |
| **Време** | Септември / 23.09.2022 |
| **ресурси** | Компјутери, интернет ,смарт табла , работни материјали |
| **Очекувани ефекти** | Развој на слухот и говорот кај учениците и разбирање на содржината на текстот |
| **Цели** | **Да ги препознаваат парните и непарните броеви до 20** |
| **Содржини** | Парни и непарни броеви до 20 |
| **Реализатор** | **Маја Јовевска** |
| **Време** | Октомври / 25.10.2022 |
| **ресурси** | ЛЦД , прирачник , смарт табла , работни материјали |
| **Очекувани ефекти** | **Ги препознаваат парните и непарните броеви до 20** |

| | |
|---|---|
| **Цели** | **Читање на тексотви од ученици со меѓуетнички разлики** |
| **Содржини** | Празнување на денот на албанската азбука |
| **Реализатор** | **Мевлиде Фејзулаху** |
| **Време** | Ноември / 23.11.2022 |
| **Ресурси** | LCDпроектор, компјутер, наставно ливче, |
| **Очекувани ефекти** | унапредување на другарството и почитувањето на меѓуетничките разлики |
| **Цели** | **Подобрување на соработката и комуникацијата помеѓу различните етникуми во училиштето** |
| **Содржини** | Изработка на новогодишни украси и честитки |
| **Реализатор** | **Славица Николовска и Флора Јусуфи** |
| **Време** | Декември /28.12.2022 |
| **Ресурси** | Нас.ливчиња,хамер,слики ,различни материјали |
| **Очекувани ефекти** | унапредување на другарството и почитувањето на меѓуетничките разлики |
| **Цели** | **Да се се развиваат меѓуетнички комуникациски вештини помеѓу учениците и да стекнуваат навики и одговорности кон животната средина** |
| **Содржини** | Изработка на книга со употреба на видови реченици |
| **Реализатор** | **Катерина Стојкоска и Бехар Емини** |
| **Време** | Јануари / Февруари 27.02.2023 |
| **Ресурси** | ЛЦД проектор, компјутер, работни материјали |
| **Очекувани ефекти** | **Развивање меѓуетнички комуникациски вештини помеѓу учениците и стекнување навики и одговорности кон животната средина** |
| **Цели** | **Да се развива еколошката свест, креативност и одговорност кај децата за негување на природните убавини** |
| **Содржини** | Обработка на песна |
| **Реализатор** | **Иса Амет /**28.03.2023 |
| **Време** | Март |
| **Ресурси** | ЛЦД проектор, компјутер, работни материјали |
| **Очекувани ефекти** | Развој на еколошката свест, креативност и одговорност кај децата за негување на природните убавини |
| **Цели** | **Развивање на креативноста кај учениците, усвојување** |
| **Содржини** | Изработка на велигденски украси |
| **Реализатор** | **Ивана Ангелевски /**19.04.2023 |
| **Време** | Април |
| **Ресурси** | Хартија во боја, украсни материјали, природни материјали |
| **Очекувани ефекти** | Развој на креативноста кај учениците |
| **Цели** | **Да се равиваат литературните способности и креативноста кај учениците** |
| **Содржини** | Обработка на песна |
| **Реализатор** | **Светлана Апостоловска /**09.06.2023 |
| **Време** | Мај /Јуни |
| **Ресурси** | Ливчиња,хамер, |
| **Очекувани ефекти** | **Развој на литературните способности и креативноста кај учениците** |

**Извештај за работа на стручен актив за хуманитарно- јазичните и општествените науки**
**Одговорен наставник: Зорица Димитриевска Пршевска**

Стручниот актив е стручно тело кое го сочинуваат помала група наставници кои предаваат ист предмет или група наставници кои предаваат различни наставни предмети со допирни програми и целини. Членови на Активот на општествено- хуманистичка група на предмети се наставниците по мајчин и странски јазици, музичко и физичко образование, историја и граѓанско образование. Стручниот актив се состанува и работи според претходно донесена годишна програма за работа. Со него раководи лице од редот на наставниците во улога на одговорно лице, претседател на Стручниот актив. Во текот на годината се реализираат активности кои имаат за цел усовршување и усогласување на наставниците во работата, стандарди за оценување, професионален развој, зголемување на мотивацијата и интересот кај учениците за поголема ефикасност и успех за полесно совладување на наставните содржини преку употреба на најразновидни методи, форми и техники на работа, подигнување на свеста кај учениците за почитување на различните култури и традиции, превземање мерки за подобрување и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Во текот на учебната 2022-2023год. во основното училиште "Његош", Јурумлери се спроведени низа активности од страна на членовите на истото предводени од претседателот Зорица Димитриевска – Пршевска (наставник по македонски јазик). Стручниот актив за хуманитарно јазично подрачје е составен од предметни насравници и тоа: Зорица Димитриевска – Пршевска (наставник по македонски јазик, претседател), Александра Донева (претставник од стручна служба), Стефани Илиевска (наставник по англиски јазик, записничар), Сања Орчевска (наставник по англиски јазик), Монтено Максимовски (наставник по англиски јазик), Даниела Величковска (наставник по Француски јазик), Весна Митровска Дошева (наставник по историја), Марјан Орчевски (наставник по музичко). Во текот на учебната 2022/2023 год. се одржани вкупно девет состаноци на кои присуствуваа членовите на стручниот актив во кои се изнесени низа предлози за подобрување на квалитетот на работа на училиштето како и на членовите како поединци. На состаноците е дискутирано за плановите и програмата на стручниот актив, размена на искустава од примената на новите технологии и техники за учење, корелација помеѓу наставните предмети и програми, иницирање на соработка за инклузивно образование, предлози за подобрување на наставниот успех на учениците, вклучување на училишниот парламент во работата на училиштето, подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието како и низа други активности. За наведените состаноци се направени записници во кои се образложени темите на дискусија на секој од нив. Во секој тековен месец, беа превземени активности од секој член на активот и беа организирани нагледни часови со цел подобрување на квалитетот на наставата. Секој наставник во рамките на својот предмет даде се од себе за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. На предвидените нагледни часови, кај секој наставник беше забележано максимално вложување за остварување на поставените цели. Интеракцијата наставник- ученик беше на завидно ниво. Помеѓу наставниците, членови на стручниот актив постоеше одлична меѓусебна соработка.

| | |
|---|---|
| **Цели** | **Активирање на Ученички парламент** |
| **Содржини** | **Избор на претседател** |
| **Реализатор** | **Александра Донева** |
| **Време на реализација** | **септември** |
| **Ресурси** | Мотивациони писма, гласачки ливчиња, записник |
| **Очекувани ефекти** | **Вклучување на Ученички парламент во работа на училиштето** |
| **Цели** | **Да умее да распознава расказ и негови особености** |
| **Содржини** | **Поим за расказ, анализа на текстот "Кога цутеа бадемите"** |
| **Реализатор** | **Зорица Димитриевска Пршевска** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | **Октомври** |
| **Ресурси** | **Делото „Чорбаџи Теодос“, наставни ливчиња, снимки од подготовки на драматизација** |
| **Очекувани ефекти** | **Да се направи согледување на различни аспекти при обработка на литературно дело  и етнички односи** |
| **Цели** | **Примена на сегашно време** |
| **Содржини** | **Денот на благодарноста** |
| **Реализатор** | **Стефани Илиевска** |
| **Време на реализација** | **Ноември** |
| **Ресурси** | **Учебник, ИКТ** |
| **Очекувани ефекти** | **Оспособување на учениците да зборуваат за секојдневни активности** |
| **Цели** | **Усвојување и примена на минато време** |
| **Содржини** | **Искажување дејства од минатото** |
| **Реализатор** | **Данијела Величковска** |
| **Време на реализација** | **Декември** |
| **Ресурси** | **Учебник,компјутер, ЛЦД проектор, ИКТ** |
| **Очекувани ефекти** | **Оспособување на учениците да применуваат минато време** |
| **Цели** | **Усвојување на знаења за следење на повеќе гласна делница по музичко образование** |
| **Содржини** | **Класична и современа музика** |
| **Реализатор** | **Марјан Орчевски** |
| **Време на реализација** | **Јануари** |
| **Ресурси** | **Клавир, касети , ЦД** |
| **Очекувани ефекти** | **Зголемена мотивација на учениците за истражување на музичката култура** |
| **Цели** | **Да ги знае причините за големите геогравски откритија** |
| **Содржини** | **Големите геогравски откритија** |
| **Реализатор** | **Весна Митровска Дошева** |
| **Време на реализација** | **февруари** |
| **Ресурси** | **Учебник, читанка, ИКТ** |
| **Очекувани ефекти** | **Учениците да ја сфатат потребата и значењето на етничката соработка за постигнување на државотворни цели** |
| **Цели** | **Оспособување на учениците да искажуваат желба што сакаат да бидат кога ќе пораснат** |
| **Содржини** | **Видови професии и занимања Што сакам да бидам?** |
| **Реализатор** | **Монтено Максимовски** |
| **Време на реализација** | **Април** |
| **Ресурси** | **Учебник, наставни ливчиња** |
| **Очекувани ефекти** | **Усвојување и проширување на лексика за занимања** |
| **Цели** | **Оспособување на учениците да промовира хумани вредности преку примена на повеќе нови техники на учење** |
| **Содржини** | **ПХВ анализа на лектирата „Големи и мали“ од Видое Подгорец** |
| **Реализатор** | **Зорица Стевковска** |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | **Мај** |
| **Ресурси** | **Лектира, Интернет, листови со техники на учење (Квадрант , Венов дијаграм, Двоен запис)** |
| **Очекувани ефекти** | **Да ја почитува човековата личност и етничките односи помеѓу луѓето** |

**Извештај за работа на стручен актив за природно-математички и техничи науки**
**Одговорен наставник: Даниела Павлеска**

Во текот на учебната 2022/2023год. активот на предметна настава одржа повеќе состаноци кои се записнички евидентирани. Според предвидената програма тековно се одржаа нагледни часови и стручни предавања, состаноци на кои беа проследени сите информации, новини, укажувања барања, напатствија, насоки од МОН, БРО.

| **Содржини** | **Состанок на активот и разгледување на програмата за работа на стручен актив** |
|---|---|
| **Реализатор** | **Даниела Павлеска** |
| **Време** | **Септември-12.9.2022** |
| **Ресурси** | Компјутер,дневни подготовки,планирања |
| **Очекувани ефекти** | Оспособеност за евалуација по подрачја |
| **Цели** | Да знае кои се влезни и излезни уреди кај компјутерот |
| **Содржини** | Компјутери и икт технологии |
| **Реализатор** | **Никола Настевски** |
| **Време** | **Октомври** |
| **Ресурси** | Учебник,компјутер. |
| **Очекувани ефекти** | Да ги распознава влезните и излезните уреди кај компјутерот |
| **Цели** | Да ги знае ознаките и односите меѓу мерните единици и да ги претвара една во друга |
| **Содржини** | Должина.Претварање од една во друга мерна единица7одд. |
| **Реализатор** | **Сузана Малинова** |
| **Време** | **Ноември-18.11.2022** |
| **Ресурси** | Учебник,работен лист,линијар,метро |
| **Очекувани ефекти** | Ученикот ги знае ознаките и односите меѓу мерните единици и ги претвара една во друга. |
| **Цели** | Да знае зошто е важна правилната исхрана во текот на бременоста |
| **Содржини** | Одржување на здравјето за време на бременост |
| **Реализатор** | **Даниела Павлеска** |
| **Време** | **Декември-20.12.2022** |
| **Ресурси** | учебник,слики,брошура,атлас |
| **Очекувани ефекти** | Заклучува кои витамини и минерали се потребни за правилен раст и развој на плодот во текот на бременоста на мајката. |
| **Цели** | Ученикот истражува ефекти од елестична сила врз истегнати предмети |
| **Содржини** | Силите можат да го променат обликот на предметот |
| **Реализатор** | **Сузана Малинова** |

| | |
|---|---|
| **Време** | **Јануари-30.1.2023** |
| **Ресурси** | Учебник,тегови,линијари,ластичиња,штипки |
| **Очекувани ефекти** | Знае да истражува за ефектите од еластичната сила врз истегнатите предмети<br>Ученикот знае да ја мери силата |
| **Цели** | Множи и дели цели броеви и децимални броеви со децимални броеви |
| **Содржини** | Множење и делење со децимален број |
| **Реализатор** | **Елена Јовановска Миливојевиќ** |
| **Време** | **Февруари-20.2.2023** |
| **Ресурси** | Учебник,збирка |
| **Очекувани ефекти** | Да множи и дели цели броеви и децимални броеви со децимални броеви |
| **Цели** | Да се запознае со деловите на растението-градбата на цвет |
| **Содржини** | Градба на растенијата што цутат-цвет |
| **Реализатор** | **Валентина Манева** |
| **Време** | **Март-23.3.2023** |
| **Ресурси** | Учебник,слики, свежи растенија |
| **Очекувани ефекти** | Ги знае деловите на растението и градба на цвет |
| **Цели** | Да го сфатат значењето и улогата на карбоксилните киселини |
| **Содржини** | Карбоксилни киселини |
| **Реализатор** | **Весна Рабан** |
| **Време** | **Април-28.4.2023** |
| **Ресурси** | Учебник,интернет,оцетна киселина,епрувета,шпиртна ламба,натриум/цинк/алуминиум |
| **Очекувани ефекти** | Да ја сфатат употребата на оцетна киселина |
| **Цели** | Учениците да го разберат значењето на сообраќајната сигнализација за безбедно одвивање на сообраќајот |
| **Содржини** | Регулирање на сообраќајот на крстосница со сообраќајна сигнализација |
| **Реализатор** | **Никола Настевски** |
| **Време** | **мај** |
| **Ресурси** | Компјутер,учебник за 6одд |
| **Очекувани ефекти** | Учениците го разбраа значењето на сообраќајната сигнализација за безбедно одвивање на сообраќајот |
| **Цели** | Да се запознае со природно-географските и социо-економски карактеристики на Балтичките земји |
| **Содржини** | Естонија,Летонија и Литванија |
| **Реализатор** | **Стевче Здравковски** |
| **Време** | **Јуни** |
| **Ресурси** | Учебник,проектор,табла,компјутер,карта на Европа. |
| **Очекувани ефекти** | Се запознава со карактеристиките на Балтичките земји |

### 7.4. Одделенски совет

Одделенскиот совет го сочинуваат сите наставници кои се раководители на паралелките и ги предаваат наставните предмети во одделението. Одделенските совети одржаа по пет состаноци, за следните теми:

| Содржина | Време | Ресурси и инструменти | Носители |
|---|---|---|---|
| • Распределба на нови ученици и ученици.<br>• Анализа за опременост со нагледни средства и потребна литература;<br>• Планирање на родителски средби<br>• Планирање на додатна, дополнителна настава и вонннаставни активности<br>• Планирања за изведување на ученички екскурзии;<br>• Распределба, евидентирање и грижа за учебниците<br>• Распределба, евидентирање и грижа за компјутерите<br>• Избор, распределба, чување на учебници според укажувањата на МОН на РСМ<br>• Уредување на просторот во училниците и ходниците | VIII, IX, VI | Дневник на паралелката Записници Формулари Извештаи | Одделенски наставници; Стручни соработници; Директор |
| • Успех и поведение на квалификационите периоди;<br>• Реализација на задолжителната, изборната настава, како и додатна, дополнителната настава и воннаставните активности;<br>• Водење на педагошка евиденција и документација<br>• Реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни активности<br>• Анализи и извештаи врзани со реализацијата на задолжителна, додатна, дополнителна настава,воннаставни активности, успехот, поведението;<br>• Предлагање на педагошки мерки<br>• Решавање на ученички проблеми<br>• Одобрување на отсуство од настава<br>• Унапредување на соработката со родителите;<br>• Упатување на ученици на продолжителна-дополнителна настава, класен испит и разгледување на резултатите | XI, I, IV, VI | Дневник на паралелката Записници Формулари Извештаи | Одделенски наставници; Стручни соработници; Директор |

### 7.5 Наставнички совет

Наставничкиот совет, највисокиот стручен орган на училиштето, во 2022/2023 година, преку своите состаноци континуирано водеше грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето, ја креираше работата и се грижеше за динамиката на реализација. Во планирањето и реализацијата на одредени теми и активности учествуваа стручните соработници и наставниците. Во текот на учебната година, советот одржуваше повеќе состаноци, во зависност од потребите. На овие состаноци се разгледуваа стручни, организациони, педагошки и други прашања и проблеми. Наставничкиот совет оствари значајни задачи во остварување на воспитно-образовната работа, кои произлегуваат од дејноста и потребите на училиштето.

| Ред. број | Датум | Дневен ред | Присутни |
|---|---|---|---|
| **1.** | 14.09.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Информации за педагошка евиденција и документација (главни книги, е-дневник), додатна и дополнителна настава<br>3.Информација за соработка со Црвен Крст<br>4.Формирање на инклузивен тим за ученик<br>5.Информирање за процесот на избор на ученички правобранители претседател на ученички парламент<br>6.Тековни прашање | 29 |
| **2.** | 30.09.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Назначување на ментори на наставници- приправници<br>3.Донесување на процедури за:<br>Процедура за следење на квалитетот на наставните планови и програми<br>Процедура за реализација на наставните планови и програми<br>Процедура за грижа за заштита на личните податоци на учениците и наставниците<br>Процедура за откривање на ученици со емоционални потешкотии<br>Процедура за грижа за ученици кои од оправдани причини подолго отсуствуваат од настава<br>Процедура на училиштето за забрана за пушење, конзумирање алкохол и диструбуција и конзумирање наркотични субстанции<br>Процедура за реализација на дополнителна настава<br>Процедура за информирање на родители за наставниот план и програма<br>Процедура за проширена програма<br>Процедура за следење на успехот и постигањата на учениците<br>Процедура за регулирање на неоправдано отсуство на ученик подолго од 30 наставни дена<br>4.Тековни прашања | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | 25.10.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Мислење од Наставнички совет за приправници<br>3.Информација за обуки<br>4.Информација за симулациска вежба<br>5.Тековни прашања | 27 |
| **4.** | 04.11.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување и усвојување на извештајот за работа на училиштето во првиот квалификационен период<br>3.Разгледување на мислења за полагање на стручен испит за Александра Донева и Алекандар Илиевски<br>4.Тековни прашања | 27 |
| **5.** | 15.12.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување на извештајот од интегралниот инспекциски надзор<br>3.Изрекување на укори<br>4.Договор за организирање на новогодишен базар<br>5.Тековни прашања | 32 |
| **6.** | 29.12.2022 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Назначување на ментор на одделенски наставник-приправник Шукране Јусуф<br>3.Промена на ментор на одделенски наставник- приправник Тијана Тодоровска Величковска<br>4.Известување за претстојниот распуст и распоред за одделенски совети и наставнички совет<br>5.Тековни прашања | 31 |
| **7.** | 16.01.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување и усвојување на полугодишен извештај<br>3.Тековни прашања | 34 |
| **8.** | 17.02.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување на конечниот извештај од интегралната евалуација и утврдување на акциониот план изработен по препораките.<br>3.Формирање на тим одговорен за следење на динамиката на реализацијата на Акциониот план<br>4.Одлука за упатување на одделенски испит на учениците кои се вратени од странство, а биле неоценети на полугодие<br>5.Тековни прашања | 28 |
| **9.** | 21.02.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување на барање од колешката Светлана Апостоловска<br>3.Тековни прашања | 35 |
| **10.** | 23.02.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Споделување на насоки од МОН за реализирање на | 33 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | воспитно-образовниот процес<br>3.Тековни прашања | |
| **11.** | 09.03.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување на мислење од ментор за полагање на стручен испит за Зорица Стевковска, наставник- приправник по македонски<br>3.Изрекување на педагошки мерки<br>4.Тековни прашања | 26 |
| **12.** | 24.03.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Споделување информации за нови протоколи за безбедност<br>3.Изрекување на педагошки мерки<br>4.Назначување на одговорни дежурни наставници<br>5.Тековни прашања | 23 |
| **13.** | 28.03.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Назначување на одговорни дежурни наставници<br>3.Тековни прашања | 30 |
| **14.** | 30.03.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Несоодветна употреба на мобилните во училиштето | 29 |
| **15.** | 10.04.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Разгледување и усвојување на извештајот за работата на училиштето во третиот квалификационен период<br>3.Формирање на комисии за упис и одложување на првачиња и формирање на комисија за запишување на деца со надмината возрасна граница<br>4.Формирање на комисија за избор на првенец на генерација<br>5.Формирање на комисија за полагање на одделенски испит за третото тромесечие за Матеј Димовски<br>6.Тековни прашања | 28 |
| **16.** | 22.05.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Усвојување на анализата за поседување на професионални компетенции за предлог наставник- ментор Светлана Апостоловска<br>3.Споделување на насоки и препораки за обраќање и работа на класен час или било кој друг час во случај на криза<br>4.Тековни прашања | 31 |
| **17.** | 06.06.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Избор на првенец на генерација<br>3.Тековни прашања | 30 |
| **18.** | 08.06.2023 | 1.Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2.Формирање на комисија за подготовка на програмата за | 26 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | екскурзија<br>3.Тековни прашања | |
| **19.** | 14.06.2023 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2. Донесување на одлуки за:<br>· Изработка на годишен извештај<br>· Изработка на годишна програма<br>· Одговорни на стручни активи<br>3.Одлуки за организирање на одделенски испити<br>4. Договор за реализација на одделенски совети и наставнички совет за учениците од 1 до 8 одд.<br>5.Тековни прашања | 31 |
| **20.** | 15.06.2023 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>2. Разгледување на успехот и поведението на учениците од1-8 одделение<br>3. Тековни прашања | 31 |
| **21.** | 27.06.2023 | 4. Разгледување и усвојување на записникот од претходниот состанокот<br>5. Извештај од спроведените одделенски испити<br>6. Одлука за одделенски испити за августовски испитен рок<br>7. Разгледување на годишен извештај за учебната 2022/2023 година<br>8. Тековни прашања | 33 |

### 7.6 Совет на родители

Советот на родители го сочинуваат по еден претставник од родителите на ниво на паралелка. Во текот на учебната 2022/2023 година, Советот реализираше активности од својата годишна програма. Во текот на 2022/2023 година одржани се четири седници. Седниците ги свикуваше и со нив раководеше претседателот на Советот на родители со покана и утврден дневен ред. Надлежностите на Советот на родители се дефинирани во Законот за основно образование и Деловникот за работа. Основна задача на овој Совет е да води грижа за организирано остварување на интересите и потребите на учениците на ниво на училиште.

Советот на родители беше запознаен со Годишната програма за работа на училиштето, развојниот план и Извештаите за работа и постигнувањата на четирите квалификациони периоди за што презентации направија директорот и психологот.

Советот на родители работеше на прашања од интерес на ученичкиот стандард: исхрана, обезбедување, екскурзии, фотографирање, полуматурска вечер и сл. На предлог на родителите и од нивни средства ангажирана е агенција за обезбедување.

Постигнати се позитивни резултати во поглед на подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците во соработка со наставниците. Донесени се заклучоци, препораки и мислења со цел подобрување на воспитно-образовниот процес.

## 7.7 Управување со училиштето

### 7.7.1 Училишен одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Задачите, надлежностите и составот се дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа.

Училишниот одбор е составен од 7 членови од кои тројца се претставници од редот на наставниците и стручните соработници, тројца од Совет на родители и еден претставник од основачот. Училишниот одбор ги планираше и закажуваше седниците согласно потребите кои произлегуваа од тековното работење со покана во која е утврден дневниот ред. Во текот на учебната 2022/2023 година одржани се 17 седници. На седниците на УО присуствуваше директорката на училиштето. Училишниот одбор во соработка со директорката и училишните тимови, постојано поттикнуваа активности кои ќе обезбедат квалитет како во воспитно-образовниот процес, така и во целокупниот процес во работењето на училиштето. Училишниот одбор усвојува цели, ги проценува потребите за исполнување на целите и во согласност со нив, го формира планот за подобрување на условите за работа и успешно функционирање на училиштето.

Согласно своите законски права и обврски Училишниот одбор:

- Разгледува и усвојува Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/ 2023 год.,
- Разгледува предлози од Наставничкиот совет и Советот на родителите;
- Прави верификација на нови членови
- Разгледува информации и извештаи за финансиското работење на училиштето**,**
- Учествува во избор на членови на постојани и повремени комисии,
- Дава предлози и усвојуваше правилници со кои се регулираат различни области од работата на училиштето.
- Разгледува извештај од попис
- Разгледува и усвојува извештаи од квлификационите периоди и Годишен извештај за работата на училиштето

### 7.7.2. Раководење со училиштето

Директорот, согласно Законот за основно образование во РСМ, работеше на:

**Извештај за работата на директор**

| Водство | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето<br>Подготвување на концепција за распределба на:<br>• Наставни предмети и фонд на чаови;<br>• Распределба на изборни предмети<br>• Распределба на Одделенски раководства;<br>• Распределба на Одговорни на стручни активи;<br>• Распределба на Одговорни за релизација на подрачја од воспитно-образовната работа;<br>• Распределба на одговорни и задачи на Тимови за следење на релизација на подрачја од воспитно-образовната работа<br>Координирање при изготвување на:<br>• Распоред на часови со изборни предмети;<br>• Распоред на додатна, дополнителна настава;<br>• Распоред на слободни ученички активности | **IX-VI** | Стручна Служба Одговорни на активи Наставници | -Дадени насоки и определени приоритети за учебната година<br>.<br>- Извршени се консултации со подрачен советник<br>-Објавени огласи за вработување<br>-Определени се одделенски раководители<br>-Избрани се одговорни на стручни активи, донесени програми за нивна работа;<br>- Утврдени се тимови и комисии<br>-Дефинирана програма за прв училишен ден<br>- презентиран распоредот на часовите<br>-утврдени се термини за додатна, дополнителна настава<br>-определување на приоритети за учебната година<br>-операционализација на активностите<br>-програмата е составен дел на Годишната програма на училиштето<br>-определување на приоритети и активности за следниот период, следење на настава во услови на Ковид-19 по дадени протоколи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување на сопствена програма за работа и следење на реализацијата на истата<br><br>Учество во евалуација за тековната учебна година<br><br>Следење, контрола и анализа реализацијата на развојниот план на училиштето.<br><br>Следење, контрола и анализа на водењето на педагошката документација<br><br>Изготвување на план за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници<br><br>Учество во изработка на Акциски планови<br><br>Информирање на наставниот кадар за сите Уредби, дописи од МОН во период на пандемија | | | -конципирање на подрачја на развој (настава, оценување, подобрување на материјално-технички услови)<br>-увид во годишни, тематски, дневни подготовки (кај сите наставници, стручна служба)<br>-работа со наставници-приправници (2)<br>-увид во одделенски дневници, матични книги (по 4 увиди во сите дневници)<br>-формулирање на записници од увидите на наставниот кадар<br>-План за професионален развој на наставен кадар<br><br>-Записници од ДПИ и БРО на РСМ<br><br>-Акциски планови<br><br>-посебен линк на ООУ „Његош"- Јурумлери<br>-фб страна<br>-следење на реализација на он-лајн наставата и наставата со физичко присуство<br>- следење на водењето на педагошката евиденција и документација |

| Следење на воспитно образовната работа | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| -Соработка со наставниците при изработка на годишни, тематски и дневни подготовки со насоките дадени од БРО на РСМ за скратена програма<br>-Следење на примената на активни методи во наставата<br>-Увид во планирањата на наставниот кадар и стручните соработници<br>-Увид во планирањата и реализацијата на додатна, дополнителна настава и слободните ученички активности<br>-Создавање на позитивна клима во училиштето | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -давање на инструкции<br>- споредба на планирањата со скратените наставни планови и програми<br>-следење на реализацијата<br>-дефинирање на цели<br>-определување на методи<br>-Записници од ДПИ и БРО |
| Следење на наставни часови со цел утврдување на:<br>•Примена на активни форми на работа во одделенска и предметна настава;<br>•Дефинирање и реализирање на целите на часот;<br>•Примена на нагледни средства во наставата;<br>•Примена на диференцирани цели во наставата<br>•Следење на унапредување на оценувањето;<br>•Вреднување на постигањата на учениците | | | -Извршен е увид на планирања на сите наставници, стручните соработници<br>-СКР со наставниците за подобрување на наставата<br>-анализа на односи У-Н-Р;<br>-унапредување на тимската работа.<br>-присуство на состаноци на Совет на родители<br>-изведување на заеднички акции-уредување на училишен двор, прибирање-поделба на донации<br>-согледување на постигањата на учениците по НПП, одделенија, пол и етничка припадност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сопствено стручно усовршување за стекнување на стручни знаења од област на:<br>- Следење и вреднување на воспитно-образовната работа;<br>- Педагогија, психологија, методика, социологија, дидактика, андрагогија, докимологија; | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -Следење на семинари организирани од МОН и БРО на РСМ |
| **Работа со стручни органи и тела** | | | |
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| Следење на прописи, написи за работата и програмирањето на работата на стручните органи и тела, нивните права, обврски | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | Следење на:<br>,,Службен весник на РСМ'"<br>Закон за основно образование<br>Закон за просветен инспекторат<br>Закони од финансиска област<br>Закони од област на работни односи |
| - Планирање,водење на Одделенските совети<br>- Планирање и водење на Наставничкиот совет<br>- Следење насочување и учество во работата на стручните активи<br>- Соработка и следење на работата на стручните соработници<br>-Учество во работата на Советот на родители<br>-Учество во евалуација | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -одржани се 5 седници на Одделенските совети;<br>-одржани се 15 седници на Наставничкиот совет<br>-одржани се 4 консултации со стручните активи<br>-учество на 3 состаноци на стручни активи<br>-анализа на извештај за реализација на планирањата<br>-Презентација на ГП, извештаи<br>-Договори за соработка и активности |
| Соработка и следење на работата на одделенските раководители | | | -следење на темите за часот на одд. раководител<br>-следење на пријави до просветен инспекторат<br>-следење на род. средби<br>-следење на советување на родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во работата на Училишниот одбор | | | -презентација на<br>1. Годишна програма<br>2 План за професи. развој<br>3.Извештаи од квалификациони периоди<br>4. Финансови планови, извештаи<br>5. Реализација на набавки, тендери<br>6. Самоевалуација<br>7. Развојна програма<br>8.Интегрална евалуација- Акциски план |
| **Аналитичко- студиска работа** | | | |
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| -Изготвување на осврти, анализи информации, и извештаи<br>-Опременост на кабинетите и условите за работа во училиштето<br><br>-Изработка на Акциски план за подбрување на работата на ООУ | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -прегледи за бројна положба, национална структура<br>-прегледи за новозапишани ученици<br>-статистички прегледи за крај-почеток на учебната година<br>-прегледи за изб. предмети<br>-прегледи за учебници;<br>-санации на ООУ<br>-Акциски план |
| -Анализа на успехот и поведението на учениците на квалификационите периоди од учебна година | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -тромесечни извештаи за работата на училиштето (2)<br>- полугодишен извештај за работата на училиштето<br>-годишен извештај за работата на училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Следење на реализацијата на приоритети<br>- Следење на реализацијата на проектите<br>-Реализацијата на Годишна програма за работа на училиштето<br>-Анализа на тематски и дневни подготовки<br>-Следење на професион. развој на наставниците<br>-Донесување на акти, правилници, кодекси | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | Континуирано, изготвени се записници<br>-увиди во професионални досиеа и наставнички портфолија<br>-менторска работа со наставници<br>-изработка на план за професионален развој на наставниците<br>-упатување на семинари на наставниците<br>-интерни обуки на наставници |
| -Формирање на Тим за санации<br>-Посета на семинари | **I-VI** | Тим за санација на ООУ<br>Општина Гази Баба<br>Совет на родители<br>Училишен одбор | Изготвени се<br>-увиди во реализирани професионални досиеа и наставнички портфолија<br>-менторска работа со наставници<br>-упатување на семинари на наставниците<br>- активности за Тимот за санации<br><br>-интерни обуки на наставници |
| **Соработка со родители** | | | |
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| Планирање и следење на реализацијата на општите родителски средби<br><br>Планирање на форми за соработка со родителите-трибини, индивидуални средби работилници<br><br>Соработка со Ученички парламент, паралелки, групи или индивидуално<br><br>Учество во реализација на МИО и Еко активности<br>Соработка со Црвен крст | **IX-VI** | Стр. Служба<br>Одговорни на активи<br>Наставници | -Изготвени се теми- за родителски средби;<br>-изведена е анкета за изборните предмети<br>-Реализирани се средби на Совет на родители<br>-Информации од одржани семинари<br>-презентации на ГП за ОУ,<br>-презентација на извештаи од квалификациони периоди<br>-информации за учебници, додатна, дополнителна настава-<br>-работилници за нова година, 8 март, Велиден, Бајрам<br>-хуманитарни акции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со МОН, ДПИ, и БРО , одговорен советник на училиштето | **IX-VI** | Стр. Служба Одговорни на активи Наставници | - консултации со одговорниот советник на училиштето;<br>-увид во реализација на наставата од страна на советници<br>-увиди во унапредување на оценувањето<br>-состаноци со подрачен претставник/просветен инспектор;<br>-учество на семинари и работилници организирани од Општината<br>-семинари организирани од БРО, МОН |
| -Соработка со основни и средни училишта<br>-Соработка со институции: | | | -соработка со средни училишта од град Скопје-<br>-остварени се контакти со институции |
| **Професионален развој** | | | |
| **Содржина** | **Време** | **Консултации** | **Забелешка** |
| Поттикнување на настаниот кадар и стручните соработници кон усовршување<br>Посета на семинари<br>Организирање и реализација на обука за реализација на он-лајн настава | **IX-VI** | Стр. Служба Одговорни на активи Наставници | -состаноци на стручните активи<br>-анкета на наставниот кадар за потребите за стручно усовршување;<br>-јавност на приоритетите на училиштето;<br>-изработен план за професионален развој<br>-организирани и реализирани интерни семинари |
| Опременост на училишната библиотека<br>Реализација на програмата на стручните активи<br>Опременост на училиштето со нагледни средства,<br>Реализација на проектите кои се реализираат во училиштето | | | -следење на стручни часописи<br>-создавање дадодека од материјали<br>-пристап до Интернет.<br>- презентација на теми од интерес за стручното усовршување на наставниците<br>-примена на инструменти за следење и оценување;<br>-СКР со одговорните на активите.<br>-примена на ИКТ во наставата по сите НПП- |

| Други работни задачи | | | |
|---|---|---|---|
| -подобрување на материјално-техн. услови за работа на училиштето | **IX-VI** | | санација на објектот-<br>- набавка на ел. Уреди<br>-набавка ЛЦД –проектор<br>-набавка принтер |
| -Следење и увид во работата на администр.служба во училиштето<br>-Следење и увид во финансиското работење на училиштето | | | -увид во водење Деловодник<br>-увиди во записници, извештаи<br>-увид во прегледи за плата, надоместоци<br>-изготвени се финанс.планови извештаи;<br>-увид во наплата, користење на средства од сопствени, буџетски приходи<br>-реализација на ревизиски надзор<br>-распишување и спроведување на тендерски постапки |

## 7.8 Следење и евалуација на воспитно-образовната работа

Евалуацијата на воспитно-образовната работа е неопходна за соодветно разрешување на тековните проблеми, конципирање и примена на соодветни решенија и изготвување Годишна програма за работа на училиштето која ги одразува реалните потреби и можности на училиштето. Направена е евалуација на: сите подрачја за работата на ООУ согласно законските одредби преку анкети, увиди во документи.

Комисиите и тимовите кои ја следат работата на училиштето констаираа дека:

- Реализирани се зацртаните приоритети во Годишната програма;
- Согласно можностите на училиштето и добиените средства набавени се современи нагледни средства кои овозможуваат нивна примена во наставата по повеќе наставни предмети и подрачја;
- Наставниците, стручните соработници и директорот се оспособени за планирање и реализирање на личните планови за професионален развој. Наставниците во своите извештаи и евалуацијата на реализираните приоритети покажаа објективност, самокритичност.

### 7.8.1 Реализација на наставниот план и програма:

- Анализа на Годишни, Тематско- процесни и дневни подготовки во сите години- за сите наставни предмети и години;
- Примена на современи наставни методи и форми на работа:
- Увиди од инспектори од ДПИ на РСМ; за водење на електронски дневник, примена на ИКТ во наставата, работа со деца со посебни потреби
- Увид во педагошката документација и евиденција преку преглед на е-дневник и главна книга

- За сознанијата до кои е дојдено при следењето разговарано е индивидуално со секој наставник

### 7.8.2 Самоевалуација и програма за развој на училиштето

Согласно своите законски обврски училиштето формираше комисија за реализација на СеУ. Формирани беа тимови по подрачја и истата беше изготвена во јуни 2022 година.

Развојната програма за работа на ООУ„Његош"- Јурумлери се изготвува како документ на секои четири години во кој се разработени сите приоритети за работа на ООУ" Његош"- Јурумлери, а врз основа на Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр. 161/19, член 49), и врз основа на него донесениот Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, член 1 и 2 и глава II и IV, бр.18-6579/1 од 06.07.2020 донесен од Министерот за образование и наука.

Во развојната програма се вградуваат приоритетите за унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето согласно самоевалуацијата на ООУ "Његош"- Јурумлери, извештаи за работа на училиштето, потреби и интереси искажани од учениците, родителите и наставниците, а со цел унапредување на севкупниот живот и работата на училиштето.

Развојната програма се заснова на: Законот на основно образование, правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепција за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

Ние, учениците, родителите и вработените во ООУ" Његош"- Јурумлери се определуваме да работиме во интерес на развивање на потенцијалите на секое дете. Се заложуваме за рамноправен и праведен третман на сите ученици, родители и вработени, без оглед на полот, етничката или верската припадност. Се обврзуваме дека користејќи ги современите форми и методи на настава ќе придонесеме за взаемен развој и создавање на навики за доживотно учење. Истовремено се обврзуваме дека континуирано ќе работиме на подобрување на материјално- техничките услови на училиштето и подобрување на квалитетот на наставата. Овие определби ги инкорпорираме во развојната програма за работа на ООУ" Његош"- Јурумлери.

Програмата за развој на училиштето беше изработена во декември 2022 година.

### 7.8.3 Евалуација на оценувањето

Извршени се увиди на планирањата во реализацијата на унапредувањето на формативното оценување. Од увидот е констирано дека:

- Наставниците планираат цели и очекувани исходи за секоја наставна тема;
- Наставниците планираат постапки за следење и вреднување на постигнувањата;

- Формативното оценување редовно се практикува во наставниот процес;
- Наставниците користат различни форми, методи и инструменти за оценување;
- Наставниците даваат повратна информација за постигањата на учениците. Потребно е подобрување на редовноста на давањето на повратната информација;
- Сите наставници водат портфолија за унапредувањето на оценувањето.
- Потребни се подобрувања на рефлексиите за реализација на наставен час и тема.

## 8. Заклучоци и предлог мерки за понатамошно делување

Годишниот извештај за работа на работа ООУ,,Његош"- Јурумлери во учебната 2022/ 2023 год., според изнесеното овозможува изведување на следните заклучоци за досега постигнатато:

1.Условите во кои работи училиштето се подобрени со помош од МОН на РСМ и локалната самоуправа- Општина Гази Баба.

2. Реализацијата на наставните програми е согласно програмите од БРО на РСМ. Во учебната 2022/2023 година реализирани се 180 наставни денови со физичко присуство и 1 ден со онлајн настава, поради дојава за бомба во училиштето.

3. Во одделенска и предметна настава нема нереализирани наставни часови,

4. Наставниот кадар редовно ги изработува тематските планирања, во кои е застепена примената на активната настава и електронски ги доставува до стручната служба.

5.Анализата покажува дека наставниците редовно применуваат ИКТ во наставата.

6.Средниот успех изнесува:

**3,88 во одделенска настава или 0**

**3,74 во предметна настава или +0.01**

Во одделенска и предметна настава, средниот успех е во класата на многу добар. Се забележува намалување на разликите во успехот помеѓу машките и женските ученици. Девојчињата доминираат во категоријата на одличен успех. Момчињата доминираат во сите останати категории.

7. Изостаноците на учениците се значајно намалени. Неправданите изостаноци се резултат на отсуство на ученици кои заминуваат во странство.

8. Педагошката евиденција и документација, како и е-дневникот се водат редовно. Малите пропусти редовно се отстрануваат.

10.Реализирани се повеќе активности за грижа за здравјето на учениците, како и предавања со воспитна компонента, насочени кон редукција на унапредување на здравјето

**Училиштето во иднина би требало да:**

- Продолжи со тимската соработка на училиштето со родителите. Родителите на послабите или нередовните ученици, преку Советот на родители и НВО со кои соработува училиштето, да се вклучат во работата на училиштето со цел создавање негативен став кон отсуствата од настава и поттикнување на самосвест и мотивација кај учениците;
- Наставниот кадар да продолжи со унапредување на поучувањето, планирањата и реализацијата на сите видови настава со користење на современи форми, методи и техники при поучувањето;
- Наставниот кадар да прави редовни рефлексии на реализираните наставни часови и теми;
- Наставниот кадар уредно да ги води професионалните портфолија;
- Зголемено учество на учениците на сите натпревари на општинско, регионално и републичко ниво, со поинтензивна менторска работа на наставникот;
- Примена на активни методи и форми на работа, диференцирани содржини во наставата согласно со способностите на ученикот;
- Примена на различни методи и форми на работа со учениците со посебни образовни потреби
- Доследна примена на стандардите и критериумите при формативното и сумативното оценување по сите наставни предмети- подрачја.
- Разработка и дополнување на целите и инструментите за следење и оценување на учениците по наставни предмети/ подрачја, кои ќе бидат јавни;
- Примена на сознанијата за Сумативното оценување во редовната наставна практика;
- Примена на воспитни содржини во наставата насочени кон формирање позитивни ставови кај младата личност, активно спортување на учениците;
- Искуствата од реализација на активностите на Еко-одборот да се насочат кон развивање на еколошка свест и здрави навики кај учениците од сите возрасти.
- Мотивирање на момчињата за повисоки постигања во наставниот процес;
- Мотивирање на учениците роми за повисоки постигања во наставниот процес;
- Развивање на тимска работа на релација ученик-наставник-родител.
- Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници.
- Заедничкото делување на училиштето и родителите ќе доведе до позитивни резултати во интерес на учениците и нивниот индивидуален развој.

**ООУ ,,Његош"- Јурумлери**

**Директор**

______________________

**Анета Цветкова**